46	**КУПУВАЊЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА**	**22.001.196**	**6.065.000**	**10.000.000**
463	***Купување на мебел и канцелариска опрема***	***7.111.786***	***1.365.000***	***3.000.000***
463111	Купување на канцелариски мебел	1.867.630	0	500.000
463211	Купување на канцелариска опрема	1.037.782	500.000	500.000
463212	Купување на информатичка опрема	4.206.374	865.000	2.000.000
464	***Купување на моторни возила***	***6.323.450***	***0***	***0***
464112	Купување на автомобили	6.323.450	0	0
467	***Изградба, реновирање и унапредување***	***5.066.199***	***1.600.000***	***0***
467112	Изградба на деловни објекти	5.066.199	1.600.000	0
468	***Основно и специјално одржување***	***3.499.761***	***3.100.000***	***7.000.000***
468111	Реконструкција на градежни објекти	3.499.761	3.100.000	7.000.000

Член 4

ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Буџетот на Заводот за вработување на Република Македонија за 2004 година влегува во сила со денот на објавување во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2004 година.

ЗАВОД ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Креирано во Секторот за информатика на Министерство за финансии

1871.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2003 година.

Бр. 07-6706/1
29 декември 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ

Член 1

Во Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" број 79/93, 3/94, 71/96, 46/2000, 11/2001, 93/2001, 46/2002 и 24/2003), во членот 3-б ставот 2 се менува и гласи:

"Под единки корисници на средствата од Буџетот на Републиката, во смисла на овој закон, се подразбираат институциите од областа на образованието и науката, културата, детската заштита, социјалната заштита, судството и обвинителството, кои се финансираат преку корисникот на Буџетот на Републиката од таа област (во натамошниот текст: единки корисници)."

Член 2

Во членот 3-е став 1 зборовите: "Фондот за води; Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природата; Фондот за земјоделство" се бришат.

Член 3

Во членот 4-в по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Начинот и постапката за издавање и исплата на државните записи ги утврдува министерот за финансии во соработка со гувернерот на Народната банка на Република Македонија."

Член 4

Во членот 17 ставот 3 се брише.

Член 5

Во член 21 точка 4 алинеја 3 зборовите: "на ниво на потставки" се бришат.

Член 6

Членот 26 се менува и гласи:

"Корисниците на средствата од Буџетот можат да ги користат средствата само доколку во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот до Министерството за финансии достават годишен финансиски план по квартали, за користење на средствата по сметки, по програми и ставки.

Корисниците на средствата од Буџетот кои имаат единки корисници должни се до секоја единка корисник, во рок од пет дена од денот на донесувањето на Буџетот, да достават извод од годишниот финансиски план по сметки, по програми и ставки, во кој се содржани средствата наменети за одделните единки корисници.

Врз основа на изводот од ставот 2 на овој член, единките корисници изготвуваат свој финансиски план по квартали, по сметки, по програми и ставки, кој имаат обврска да го достават до надлежното министерство, а надлежното министерство консолидираниот финансиски план го доставува до Министерството за финансии во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот.

Во текот на годината буџетскиот корисник може да достави барање за измена на годишниот финансиски план по квартали, за користењето на средствата по сметки, по програми и ставки, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото е потребно буџетскиот корисник да достави образложение и ревидиран годишен финансиски план по квартали.

Корисниците и единките корисници на средствата од Буџетот се должни средствата да ги користат наменски и не смеат да преземаат обврски над лимитот на одобрени средства со Буџетот."

Член 7

Членот 30 се менува и гласи:

"Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници изготвуваат предлог на финансиски план за даден квартал, по месеци, по сметки, по програми и ставки, кој го доставуваат до Министерството за финансии - Сектор за трезор најдоцна пет дена пред почетокот на кварталот за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Кварталниот финансиски план поделен по месеци, претставува процена на трошоците на корисниците на Буџетот за дадениот период и неговото одобрување претставува право на трошење на средствата за дадени месеци во рамките на кварталот, односно последователниот период доколку правото остане неискористено.

Корисниците на средствата од Буџетот кои во својот состав имаат единки корисници се должни до Министерството за финансии - Сектор трезор да достават и збирен квартален план по месеци за своите единки корисници.

Министерството за финансии збирно го одобрува планот за сите единки корисници, а корисникот на Буџетот врши натамошна распределба на одобреното право по единки корисници.

Во текот на даден квартал буџетскиот корисник може да достави барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, по програми и ставки, во рамките на износите одобрени за дадениот квартал.

Исто така, во кварталниот финансиски план треба да се достави план по месеци на намалување на обврските кои се преземени, а не се намирени заклучно со крајот на претходниот квартал."

Член 8

Членот 33 се менува и гласи:

"Одобрените расходи во Буџетот на Република Македонија, корисниците не можат да ги прераспределуваат меѓу себе.

За прераспределба на планираните расходи во текот на една фискална година во рамките на еден буџетски корисник на ниво на ставки и програми одлучува министерот за финансии по предлог на буџетските корисници, а за прераспределбата меѓу корисниците одлучува Собранието на Република Македонија, односно советот на единицата на локалната самоуправа, во рамките на вкупно утврдениот лимит на приходите во Буџетот."

Член 9

Во членот 41 став 2 зборот "Благајничките" се заменува со зборот "Државните".

Член 10

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I GJ I
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR BUXHETET

Neni 1

Në Ligjin për buxhetet ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 79/93, 3/94, 71/96, 46/2000, 11/2001, 93/2001, 46/2002 dhe 24/2003), në nenin 3-b paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Me shfrytëzues individ të mjeteve të Buxhetit të Republikës, sipas këtij ligji, nënkuptohen institucionet nga lëmi i arsimit dhe shkencës, kulturës, mbrojtjes së fëmijëve, mbrojtjes sociale, gjyqësisë dhe prokurorisë, të cilat financohen përmes shfrytëzuesit të Buxhetit të Republikës nga ajo lëmi (në tekstin e mëtejmë: shfrytëzues individ)."

Neni 2

Në nenin 3-e paragrafi 1 fjalët: "Fondi për ujërat; Fondi për mbrojtjen dhe përparimin e ambientit jetësor dhe natyrës; Fondi për bujqësi" fshihen.

Neni 3

Në nenin 4-v pas paragrafit 2 shtohet paragrafi i ri 3, si vijon:

"Mënyrën dhe procedurën e dhënies dhe pagesës së shkresave shtetërore e përcakton ministri i Financave në bashkëpunim me guvernatorin e Bankës Popullore të Maqedonisë."

Neni 4

Në nenin 17 paragrafi 3 fshihet.

Neni 5

Në nenin 21 pika 4 alineja 3 fjalët: "në nivel të nënzërave" fshihen.

Neni 6

Neni 26 ndryshohet si vijon:

"Shfrytëzuesit e mjeteve të Buxhetit mund t'i shfrytëzojnë mjetet vetëm nëse në afat prej 25 ditëve nga dita e miratimit të Buxhetit, Ministrisë së Financave i dorëzojnë planin financiar vjetor sipas tremujorëve, për shfrytëzimin e mjeteve sipas llogarive, programeve dhe zërave.

Shfrytëzuesit e mjeteve të Buxhetit të cilët kanë shfrytëzues individ, janë të obliguar që çdo shfrytëzuesi individ, në afat prej 5 ditësh nga dita e miratimit të Buxhetit, të paraqesin ekstraktin e planit financiar vjetor sipas llogarive, programeve dhe zërave, në të cilin janë të përfshihen mjetet e dedikuara për disa shfrytëzues individ.

Në bazë të ekstraktit nga paragrafi 2 i këtij neni, shfrytëzuesit individ përgatisin planin e tyre financiar sipas tremujorëve, llogarive, programeve dhe zërave, të cilin kanë obligim t'ia dorëzojnë ministrisë kompetente, kurse ministria kompetente planin e konsoliduar financiar e dorëzon në Ministrinë e Financave në afat prej 25 ditësh nga dita e miratimit të Buxhetit.

Gjatë vitit shfrytëzuesi buxhetor mund të paraqesë kërkesë për ndryshimin e planit financiar vjetor sipas tremujorëve, për shfrytëzimin e mjeteve sipas llogarive, programeve dhe zërave, vetëm nëse bëhet fjalë për të dalat të cilat nuk ka qenë e mundur të planifikohen me kohë dhe për të njëjtën është e nevojshme që shfrytëzuesi buxhetor të paraqesë arsyetim dhe plan financiar të reviduar sipas tremujorëve.

Shfrytëzuesit dhe shfrytëzuesit individ të mjeteve të Buxhetit janë të obliguar që mjetet t'i shfrytëzojnë sipas destinimit dhe nuk guxojnë të marrin obligime mbi kufirin e mjeteve të lejuara nga Buxheti."

Neni 7

Neni 30 ndryshohet si vijon:

"Në bazë të planit financiar vjetor, gjatë vitit, shfrytëzuesit buxhetor përgatisin propozimplan financiar për tremujorin e dhënë, sipas muajve, llogarive, programeve dhe zërave, të cilin e ia dorëzojnë Ministrisë së Financave - Sektori i Trezorit, më së voni 5 ditë para fillimit të tremujorit me të cilin ka të bëjë plani, për miratimin e tij.

Plani financiar tremujor, i ndarë në muaj, paraqet vlerësimin e shpenzimeve të shfrytëzuesve të Buxhetit për periudhën e dhënë dhe miratimi i tij paraqet të drejtën e shpenzimit të mjeteve për muajt e dhënë në kuadër të tremujorit, respektivisht periudhën vijuese nëse e drejta mbetet e pashfrytëzuar.

Shfrytëzuesit e mjeteve të Buxhetit të cilët në përbërjen e tyre kanë shfrytëzues individ janë të obliguar që Ministrisë së Financave - Sektorit të Trezorit t'ia dorëzojnë edhe planin përmbledhës tremujorë sipas muajve për individin e tyre shfrytëzues.

Ministria e Financave, në mënyrë përmbledhëse e miraton planin për të gjithë shfrytëzuesit individ, kurse shfrytëzuesi i Buxhetit bën ndarjen e mëtejme të së drejtës së lejuar për çdo shfrytëzues individ.

Gjatë tremujorit të dhënë, shfrytëzuesi i buxhetit mund të paraqesë kërkesë për ndryshimin e planit tremujorë financiar sipas muajve, programeve dhe zërave, në kuadër të shumave të lejuara për tremujorin e dhënë.

Gjithashtu në planin financiar tremujor, duhet të paraqitet plani për çdo muaj për zvogëlimin e obligimeve të ndërmarrura, por të papërmbushura, përfundimisht me mbarimin e tremujorit paraprak."

Neni 8

Neni 33 ndryshohet si vijon:

"Të dalat e lejuara në Buxhetin e Republikës së Maqedonisë, shfrytëzuesit nuk mund t'i rindajnë në mes tyre.

Për rindarjen e të dalave të planifikuara gjatë një viti fiskal në kuadër të një shfrytëzuesi individ buxhetor në nivel të zërave dhe programeve vendos ministri i Financave, me propozim të shfrytëzuesve buxhetorë, kurse për rindarjen ndërmjet shfrytëzuesve vendos Kuvendi i Republikës së Maqedonisë, respektivisht Këshilli i Njësisë të Vetadministrimit Lokal, në kuadër të limitit përgjithësisht të përcaktuar të të hyrave në Buxhetit."

Neni 9

Në nenin 41 paragrafi 2 fjala "arkëtuese" zëvendësohet me fjalën "shtetërore".

Neni 10

Ky Ligj hyn në fuqi ditën e shpalljes në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

1872.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2004 ГОДИНА

Се прогласува Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2003 година.

Бр. 07-6707/1
29 декември 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2004 ГОДИНА

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Буџетот на Република Македонија за 2004 година (во натамошниот текст: Буџет) се извршува според одредбите на овој закон.

Член 2

Буџетот се состои од: Централен буџет - финансиран со изворни приходи утврдени во буџетот; Буџет на корисници - финансиран од буџетски приходи кои ги наплатуваат корисниците; Буџет од самофинансирачки активности - финансиран од приходи остварени од дополнителни активности на буџетските корисници; Буџет од донации - финансиран од приходи остварени од донации и Буџет од кредити - финансиран од приходи по основа на кредити.

Член 3

Техниката на наплатата на приходите, плаќањето на расходите и управувањето со ликвидноста и долговите се врши во согласност со актите пропишани од министерот за финансии.

Член 4

Корисниците и единките корисници на средства од Буџетот од областа на законодавната, извршната и судската власт (во натамошниот текст: корисници на Буџетот), се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 5

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои не можат да се преземат обврски.

За да се преземат нови обврски мора да се предложи нов извор на средства или да се намалат другите расходи во сразмерен износ.

2. ИЗВРШУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛНИОТ БУЏЕТ

Член 6

Корисниците на средствата од Централниот буџет можат да ги користат средствата само доколку во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот до Министерството за финансии достават годишен финансиски план по квартали, за користење на средствата по програми и ставки.

Корисниците на средствата од Буџетот кои имаат единки корисници должни се до секоја единка корисник, во рок од пет дена од денот на донесувањето на Буџетот, да достават извод од годишниот финансиски план по програми и ставки, во кој се содржани средствата наменети за одделните единки корисници.

Врз основа на изводот од ставот 2 на овој член, единките корисници изготвуваат свој финансиски план по квартали, по програми и ставки, кои имаат обврска да го достават до надлежното министерство, а надлежното министерство консолидираниот финансиски план го доставува до Министерството за финансии во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот.

Во текот на годината буџетскиот корисник може да достави барање за измена на годишниот финансиски план по квартали, за користењето на средствата по програми и ставки, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото е потребно буџетскиот корисник да достави образложение и ревидиран годишен финансиски план по квартали.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници изготвуваат предлог финансиски план за даден квартал, по месеци, по програми и по ставки, кој го доставуваат до Министерството за финансии - Сектор за трезор, најдоцна пет дена пред почетокот на кварталот за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Корисниците на средства од Буџетот кои во својот состав имаат единки корисници се должни до Министерството за финансии - Сектор за трезор да достават и збирен квартален план по месеци за своите единки корисници.

Во текот на дадениот квартал буџетскиот корисник може да достави барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, по програми и по ставки, во рамки на износите одобрени за дадениот квартал.

Член 7

За прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници одлучува Собранието на Република Македонија.

Во рамки на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник на ниво на ставки и програми, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки и програми, по претходна согласност од Министерството за финансии.

Буџетскиот корисник прераспределбата, односно користењето на средствата во рамки на својот раздел, во програма и во ставка го врши по потставки согласно со Правилникот за класификација на расходите, без претходна согласност од Министерството за финансии.

Утврдените износи во Буџетот на корисникот можат да му бидат прераспределени меѓу расходните ставки, со исклучок на следниве расходни ставки и тоа: од други расходи во плати и од трансфери, капитални расходи и капитални трансфери во другите расходи, освен прераспределба меѓу капитални расходи и капитални трансфери.

По исклучок на ставовите 1 и 4 на овој член, Владата на Република Македонија може со Одлука за прераспределба на средствата да алоцира дополнителни средства во Разделот 090.02, Програма 12, ставка 443, потставките: 443312- Надомест врз основа на структурни реформи и 443314-Надомест врз основа на реформа на јавна администрација.

Член 8

Исплатата на плати на сите буџетски корисници и единки корисници ќе биде контролирана од Секторот за буџети и фондови при Министерството за финансии, заради што корисниците и единките корисници на средства од Буџетот се должни два дена пред исплатата на плати до овој сектор да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулацијата за пресметани нето и бруто плати и образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата и други податоци во пишана и електронска верзија (на ЦД, дискета, е-маил и друго) за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Член 9

На раководните работници и раководните државни службеници именувани од Владата на Република Македонија кај буџетските корисници од денот на нивното именување заклучно со денот на нивното разрешување, им следува надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството во висина од 40% од просечната месечна нето плата исплатена во Република Македонија во претходните три месеца.

Надоместокот за трошоците за одвоен живот не им припаѓа на лицата од ставот 1 на овој член, доколку местото на живеење е оддалечено помалку од 100 километри од местото на работење.

Член 10

На лицата на кои им следува право на користење на службен стан согласно со закон, доколку истиот не може да им биде обезбеден, имаат право на надоместок за

закупнина на стан. Владата на Република Македонија со Одлука ќе ја определи висината на надоместок за закупнина на стан.

Надоместокот на трошоците за одвоен живот и надоместокот за закупнина на стан меѓусебно се исклучуваат.

Член 11

Одредбите од членовите 9 и 10 на овој закон, се применуваат и на лицата на служба во Армијата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи, на кои им следуваат овие права согласно со закон.

Член 12

Надоместокот за превоз до и од работното место, по претходно дадена писмена изјава, се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5 км од работното место, но не повеќе од 900 денари месечно, кој надоместок се исплатува по претходно доставени списоци од корисниците и единките корисници на средства од Буџетот до Министерството за финансии - Сектор за буџети и фондови.

На вработените на кои во извршувањето на работите од нивното работно место им е неопходно користење на превоз, им припаѓа надоместок во висина на вистинските трошоци. Во случаите каде што не постои јавен превоз, на вработените им следува надоместок во висина на вистинските трошоци за превоз.

На именуваните раководни работници и раководни државни службеници, кај буџетските корисници, кои живеат во една а работат во друга општина, доколку не остваруваат право на надоместок на трошоци за одвоен живот, им следува надоместок за превоз во висина на вистинските трошоци за превоз за најевтиното превозно средство од јавен сообраќај кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, но не повеќе од висината на надоместокот на трошоците за одвоен живот.

На вработените на кои врз основа на официјално одобрение им е дозволено да користат службени возила за личен превоз до и од работното место не им следува надоместок за превоз.

Член 13

Надоместокот за исхрана (доколку исхраната не е организирана) изнесува 2.300 денари месечно, кој надоместок се исплатува по претходно доставени списоци од корисниците и единките корисници на средства од Буџетот до Министерството за финансии - Сектор за буџети и фондови.

Член 14

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоци за ноќевање изнесува 800 денари.

Член 15

Надоместокот за селидбени трошоци, на лица на кои им следува право на користење на службен стан, се исплатува во висина на вистинските трошоци за превоз на покуќнината.

Надоместокот за селидбени трошоци не следува доколку на вработениот му се исплатува надоместок за одвоен живот.

Член 16

Во случај на боледување подолго од шест месеца и во случај на потешки последици од елементарни непогоди, во смисла на Законот за заштита од елементарни непогоди, на работникот му се исплатува помош во висина од една последна исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Член 17

Во случај на смрт на работникот на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од две последни исплатени просечни месечни плати во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000 денари.

Во случај на смрт на член на потесното семејство на работникот (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување), на работникот, ако живеел во заедница му припаѓа парична помош во висина на една последна исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен, но не повеќе од 15.000 денари.

Член 18

Буџетските корисници кои се финансираат исклучиво од самофинансирачки активности правата стекнати врз основа на членовите 9, 10, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 од овој закон се исплаќаат од приходите остварени од самофинансирачки активности.

Член 19

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор и отсуство од работа по која било друга основа, надоместокот за храна, превоз, одвоен живот и паушал, не му се исплатува.

Член 20

Корисниците кои во својот состав имаат единки корисници се должни да го контролираат наменското и законитото користење на средствата со кои располагаат единките корисници.

Член 21

Корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на Република Македонија и на буџетите на: Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија; Фондот за здравствено осигурување на Македонија; Фондот за магистрални и регионални патишта и Заводот за вработување на Република Македонија; јавните претпријатија основани од Владата на Република Македонија, како и трговските друштва во државна сопственост, можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места, само под услов ако за тоа се обезбедени средства во буџетите, односно финансиските планови за тековната фискална година.

За обезбедените средства во случаите од став 1 на овој член Министерството за финансии писмено ги известува корисниците и единките корисници на буџетите и јавните претпријатија на нивно барање.

За вработување на државни службеници од членот 3 став 2 на Законот за државни службеници, министерот за финансии ќе даде писмено известување за обезбедени средства по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници за согласност со актите за систематизација.

2.1. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ РАСХОДИ УТВРДЕНИ ВО ЦЕНТРАЛНИОТ БУЏЕТ

Член 22

Средствата утврдени во Раздел 090.02, Програма 12, ставка 428 потставка 428111 - Постојана резерва, можат да се користат за учество во финансирањето на мерките за сузбивање на епидемии, заразни болести и елементарни непогоди.

За користење на средствата од ставот 1 на овој член, на предлог на министерот за финансии одлучува Владата на Република Македонија.

Член 23

Средствата утврдени во раздел 090.02, Програма 12, ставка 428 потставка 428112 - Тековни резерви, се користат за потребите за кои не се планирани средства, односно не се планирани средства во доволен износ во Буџетот.

За користење на средствата од ставот 1 на овој член, на предлог на министерот за финансии одлучува Владата на Република Македонија.

По исклучок од ставот 2 на овој член за користењето на средствата од ставот 1 одлучува министерот за финансии, но најмногу до износ од 150.000 денари.

Член 24

Администрирањето и исплатата на средствата утврдени во Раздел 090.02 ќе го врши Министерството за финансии.

Член 25

Средствата утврдени во Раздел 090.02, Програма 12, ставка 443 потставка 443818 -Поттикнување на нови вработувања, ќе се користат преку Заводот за вработување на Република Македонија, по претходно доставена пресметка од Заводот за вработување на Република Македонија.

Член 26

Средствата утврдени во Раздел 090.02, Програма 12, ставка 442 потставка 442111-Трансфери до хуманитарни организации, ќе се користат врз основа на Одлука на Владата, донесена на предлог од Министерството за финансии, по претходно добиени барања и програми за намената на средствата.

Член 27

Средствата утврдени во Раздел 090.02, Програма 12, ставка 442 потставка 442113 - Трансфери до здруженија на граѓани, ќе се користат врз основа на Одлука на Владата на Република Македонија, на предлог на комисија што ја формира Владата, по претходно распишан оглас и доставени барања со програми за намената на бараните средства.

Член 28

Средствата утврдени во Раздел 090.02, Програма 12, ставка 471 потставка 471113 - Трансфери до Фондот за патишта, се извршуваат согласно со претходно донесена програма од Владата на Република Македонија.

Член 29

Ненамирените обврски на корисниците на заеми од меѓународни и домашни финансиски институции по кои гарант е Република Македонија, ќе се исплатуваат од раздел 09002 потставка 481313 - Наплатени гаранции согласно со роковите за пристигнатост, без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена.

Член 30

Средствата утврдени во Раздел 090.02, Програма 12, ставки 451, 452, 491 и 492, за отплата на главнина и камата врз основа на странски и домашен долг, ќе се извршуваат согласно со одредбите од склучените договори, без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена.

Член 31

Средствата за плаќање на акцизи и данок за додадена вредност за прометот на добра и услуги во земјата, финансирани со парични средства на странски донатори за реализација на проекти врз основа на договори меѓу Владата на Република Македонија и странски донатори, во кои стои клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на даноци, ќе се обезбедуваат од Буџетот од Раздел 090.02, Програма 12, ставка 467 потставка 467122 - Плаќање врз основа на данок на додадена вредност за капитални расходи од донации.

Поблиски прописи за начинот на спроведување на одредбите од ставот 1 на овој член донесува министерот за финансии.

Член 32

Средствата утврдени во Раздел 090.02 - Министерство за финансии- функции на државата, Програма 13, поткатегории 46 и 47, а се дел од средствата од приватизација на "Телеком", во текот на годината ќе ги исплатува Министерството за финансии директно на изведувачите на работите, по претходно подготвени проекти и програми, спроведена постапка според Законот за јавни набавки од страна на ресорните министерства, доставена комплетна финансиска документација, при што целокупната одговорност за спроведување на постапката согласно со Законот за јавни набавки ја преземаат министерствата, односно носителите на проектите.

Член 33

Средствата утврдени во Раздел 040.02, Програма 11, ставка 463 потставка 463111 - Купување на канцелариски мебел, се користат по претходно донесена Одлука на Владата на Република Македонија на предлог на комисија што ја формира Владата, по претходно доставени барања од министерствата.

Средствата утврдени во Раздел 040.02, Програма 11, ставка 468 потставка 468111 - Реконструкција на градежни објекти , се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија на предлог на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија .

Член 34

Средствата утврдени во Раздел 130.01, Програма 11, ставка 472 потставка 472112 - Трансфери до ЕЛС за водоснабдување, се користат по претходно донесена Одлука на Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за транспорт и врски, по претходно распишан оглас и доставени барања.

Средствата утврдени во Раздел 130.01, Програма 11, ставка 471 потставка 471117 - Трансфери за поттикнување на инвестиции, се користат по претходно донесена програма за инвестиции во железничката инфраструктура од Владата на Република Македонија, по предлог на Министерството за транспорт и врски.

Член 35

Средствата утврдени во Раздел 140.01 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 13, ставка 443 потставка 443721- Програма за поттикнување на земјоделството, Програма 14, ставка 443 потставка 443719 - Програма за здравствена заштита на животните и во Програма 15, ставка 443 потставка 443718 - Програма за здравствена заштита на растенијата, ќе се користат по претходно донесени програми од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 36

Средствата за исплата на детски додаток утврдени во Раздел 150.10, Програма 11, ставка 443 потставка 443411 - Детски додаток, ќе се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија и оформена документација од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Средствата за извршување на обврските на Република Македонија врз основа на пензиско и инвалидско осигурување утврдени со закон, во Раздел 150.20, Програма 11, ставка 441 потставка 441411 - Трансфери до Фондот за ПИО, се исплатуваат на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија врз основа на претходна пресметка што ја доставува Фондот до Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика.

Средствата за надоместок на невработените поради структурни промени, утврдени во Раздел 150.20, Програма 11, ставка 441 потставка 441211 - Трансфери врз основа на структурни реформи, ќе се користат преку Заводот за вработување на Република Македонија по претходно доставена пресметка од Заводот за вработување на Република Македонија.

Средствата за заштита на социјално загрозеното население утврдени во Раздел 150.20, Програма 11, ставка 443 потставка 443414 - Плаќања за социјално за-

грозени семејства, ќе се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Македонија и оформена документација од страна на центрите за социјална работа.

Член 37

Средствата утврдени во Раздел 160.01, Програма 15, ставка 441 и Програмата 16, ставка 443, се користат по претходно донесена Програма за развој на ученичкиот и студентскиот стандард од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука.

Средствата утврдени во Раздел 160.01, Програма 17, ставки 442 и 443, се користат по претходно донесена Програма за научно-истражувачката дејност од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука.

Член 38

Средствата утврдени во Раздел 161.01, Програма 12, ставки 427 и 442 и во Програма 13 , ставка 442 се користат по претходно донесена Програма за развој на спортот од Владата на Република Македонија, на предлог на Агенцијата за млади и спорт.

Член 39

Средствата утврдени во Раздел 190.01, Програма 11, ставка 441, се користат по претходно донесени програми од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за здравство.

Член 40

Средствата утврдени во Раздел 192.01 - Агенција за иселеништво, Програма 12, ставка 443 потставка 443611 - Издавачка дејност, ќе се користат по претходно донесена Програма од Владата на Република Македонија, на предлог на Агенцијата за иселеништво.

Член 41

Средствата утврдени во Раздел 193.01 - Агенција за информации, Програма 11, ставка 443 потставка 443814 -Трансфери до јавни гласила на локално ниво, се користат врз основа на Одлука на Владата на Република Македонија, на предлог на Агенцијата за информации, по објавен оглас врз претходно утврдени критериуми.

Член 42

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, повеќе уплатени, односно наплатени приходи од ставот 1, освен приходите од ставовите 3 и 4 на овој член, се врши со решение на министерот за финансии.

Повратот на погрешно, повеќе уплатени, односно наплатени даночни приходи за кои е надлежна Управата за јавни приходи, се врши со решение на директорот на Управата за јавни приходи.

Повратот на погрешно, повеќе уплатени, односно наплатени царински приходи за кои е надлежна Царинската управа, се врши со решение на директорот на Царинската управа.

Кога приходите кои со својата дејност ги остваруваат органите на државната управа на посебните сметки, се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, повратот се врши со решение на функционерот кој раководи со органот.

Начинот на постапување при извршувањето на повратот од овој член го пропишува министерот за финансии.

Член 43

Привремено слободните средства на Буџетот можат краткорочно да се пласираат во деловните банки.

Условите и начинот под кои ќе се пласираат средствата од ставот 1 на овој член се регулираат со договор меѓу министерот за финансии и деловните банки.

3. ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТИТЕ ФИНАНСИРАНИ ОД БУЏЕТСКИ ПРИХОДИ НАПЛАТЕНИ ОД ОРГАНИ, ПРИХОДИТЕ НАПЛАТЕНИ ОД ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ И ПРИХОДИТЕ ОД ДОНАЦИИ И КРЕДИТИ

Член 44

Приходите што ги остваруваат корисниците и единките корисници на средства од Буџетот се уплатуваат на трезорската сметка и се евидентираат на посебните сметки во Главната книга на Трезорот и тоа:

- приходите наплатени од органи се евидентираат на сметката 631;
- приходите наплатени од дополнителни активности на буџетските корисници се евидентираат на сметката за самофинансирачки активности 787;
- високообразовните институции приходите од самофинансирачките активности ги евидентираат на сметката 788;
- приходите од донации се евидентираат на сметката 785 и
- приходите од кредити се евидентираат на сметката 786.

Член 45

Приходите од членот 44 на овој закон можат да се користат за намените и во висина на износите утврдени со Буџетот врз основа на годишен финансиски план по квартали, по сметки, по програми и по ставки и истиот е потребно да се достави до Министерството за финансии во рок од 25 дена од денот на донесување на Буџетот.

Корисниците на средствата од Буџетот кои имаат единки корисници се должни до секоја единка корисник, во рок од пет дена од денот на донесувањето на Буџетот, да достават извод од годишниот финансиски план по квартали, по сметки, по програми и по ставки, во кој се содржани средствата наменети за одделните единки корисници.

Врз основа на изводот од ставот 2 на овој член, единките корисници изготвуваат свој финансиски план по квартали, по сметки, по програми и по ставки кои имаат обврска да го достават до надлежното министерство и до Министерството за финансии во рок од 25 дена од денот на донесување на Буџетот.

Во текот на годината буџетскиот корисник може да достави барање за измена на годишниот финансиски план по квартали, за користењето на средствата по сметки, по програми и по ставки, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото е потребно буџетскиот корисник да достави образложение и ревидиран годишен финансиски план по квартали.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници изготвуваат предлог на финансискиот план за даден квартал, по месеци, по сметки, по програми и по ставки, кој го доставуваат до Министерството за финансии - Сектор за трезор најдоцна пет дена пред почетокот на кварталот за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Корисниците на средства од Буџет кои во својот состав имаат единки корисници се должни до Министерството за финансии - Сектор за трезор да достават и збирен квартален план по месеци, по сметки, по програми и по ставки, за своите единки корисници.

Во текот на дадениот квартал буџетскиот корисник може да достави барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, по сметки, по програми и по ставки, во рамки на износите одобрени за дадениот квартал.

Член 46

Доколку корисниците на Буџетот, кои во својот состав немаат единки корисници, во текот на годината остварат поголеми износи на приходите од членот 44, алинеи 1 и 2, на овој закон од планираните, истите ќе можат да ги користат по претходно одобрување од Собранието на Република Македонија, а приходите од алинеите 4 и 5 по претходно одобрување од Министерството за финансии.

Доколку корисниците на Буџетот, кои во својот состав имаат единки корисници, во текот на годината остварат поголеми износи на приходите од членот 44 на овој закон истите ќе можат да ги користат по претходно одобрување од Министерството за финансии.

Доколку во текот на годината, приходите од членот 44 на овој закон не се остваруваат според планираната динамика, Министерството за финансии може да изврши намалување на планираните расходи.

Прераспределбата на утврдените средства на посебните сметки, меѓу расходните ставки и програми во рамки на еден корисник, се врши со претходна согласност на Министерството за финансии.

Буџетскиот корисник прераспределбата, односно користењето на средствата во рамките на својот раздел, програма и ставка го врши по потставки согласно со Правилникот за класификација на расходи, без претходна согласност на Министерството за финансии.

Прераспределбата на утврдените средства, на посебните сметки, меѓу корисници, се врши со претходна донесена Одлука од Владата на Република Македонија.

Член 47

Буџетските средства утврдени во Раздел 090.04, Програма 11, ставка 469, како и средствата остварени од приходи од дополнителни активности на Бирото за стоковни резерви, донации и кредити, се користат согласно со Програмата за формирање на стоковните резерви за 2004 година, донесена од Владата на Република Македонија.

Неискористените приходи од дополнителни активности на Бирото за стоковни резерви, согласно со Програмата за формирање на стоковните резерви за 2004 година се приход на Буџетот.

4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 48

Буџетот на Република Македонија за 2004 година ќе се извршува од 1 јануари до 31 декември 2004 година.

Член 49

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2004 година.

L I GJ I
PËR REALIZIMIN E BUXHETIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË PËR VITIN 2004

1. DISPOZITAT E PËRGJITHSHME

Neni 1

Buxheti i Republikës së Maqedonisë për vitin 2004 (në tekstin e mëtejshëm: "Buxheti") realizohet sipas dispozitave të këtij ligji.

Neni 2

Buxheti përbëhet nga: Buxheti qendror - i financuar nga të hyrat burimore, të përcaktuara në Buxhet; Buxheti i shfrytëzuesve i financuar nga të hyrat buxhetore që i paguajnë shfrytëzuesit; Buxheti nga aktivitetet vetëfinancuese, i financuar nga të hyrat e realizuara të aktiviteteve plotësuese të shfrytëzuesve buxhetor; Buxheti nga donacionet - i financuar nga të hyrat, të realizuara nga donacionet dhe Buxheti nga kreditë - i financuar nga të hyrat në bazë të kredive.

Neni 3

Teknika e pagesës të të hyrave, pagesa e të dalave dhe administrimi me likuiditetin dhe borxhet bëhet në pajtim me aktet e përcaktuara nga ministri i Financave.

Neni 4

Shfrytëzuesit dhe individët, shfrytëzues të mjeteve të buxhetit nga lëmi i pushtetit ligjdhënës ekzekutiv dhe gjyqësor (në tekstin e mëtejshëm: "shfrytëzues të buxhetit") janë të obliguar që mjetet e caktuara në buxhet t'i shfrytëzojnë në mënyrë destinuese, racionalisht dhe me nikoqirllëk.

Neni 5

Të dalat e përcaktuara me Buxhet janë shuma maksimale mbi të cilat nuk mund të ndërmerren obligime.

Që të ndërmerren obligime të reja, doemos duhet të propozohet burim i ri mjetesh ose të zvoglohen të dalat të tjera, në shumë të barabartë.

2. REALIZIMI I BUXHETIT QENDROR

Neni 6

Shfrytëzuesit e mjeteve të buxhetit qendror mund t'i shfrytëzojnë mjetet vetëm nëse në afat prej 25 ditësh nga dita e miratimit të buxhetit, Ministrisë së Financave i dorëzojnë plan vjetor financiar sipas tremujorëve, për shfrytëzimin e mjeteve sipas programeve dhe zërave.

Shfrytëzuesit e mjeteve të buxhetit që kanë shfrytëzues individual, janë të obliguar që çdo shfrytëzuesi individual, në afat prej pesë ditësh nga dita e miratimit të buxhetit të dorëzojnë ekstrakt të planit vjetor financiar, sipas programeve dhe zërave, ku përfshihen mjetet e destinuara për disa shfrytëzues individual.

Në bazë të ekstraktit nga paragrafi 2 i këtij neni, shfrytëzuesit individual hartojnë plane të tyre financiare sipas periudhave tremujore, programeve dhe zërave, të cilët kanë obligim t'ia dorëzojnë ministrisë kompetente, kurse ministria kompetente planin e konsoliduar financiar ia dorëzon ministrit të Financave në afat prej 25 ditësh nga dita e miratimit të Buxhetit.

Gjatë vitit, shfrytëzuesi buxhetor mund të paraqesë kërkesë për ndryshimin e planit financiar vjetor sipas periudhave tremujore, për shfrytëzimin e mjeteve sipas programeve dhe shkallëve, vetëm nëse bëhet fjalë për të dalat të cilat nuk kanë mund të planifikohen me kohë dhe për të njëjtat nevojitet që shfrytëzuesi buxhetor të paraqesë arsyetimin dhe planin e reviduar financiar vjetor sipas periudhave tremujore.

Në bazë të planit financiar vjetor, gjatë vitit shfrytëzuesit buxhetor hartojnë propozimplan financiar për tremujorin e dhënë, sipas muajve, programeve dhe zërave, të cilin e dorëzojnë në Ministrinë e Financave - në Sektorin e trezorit, më së voni pesë ditë para fillimit të periudhës tremujore, me të cilën ka të bëjë plani, për shkak të lejimit të tij.

Shfrytëzuesit e mjeteve të buxhetit, të cilët në përbërjen e tyre kanë shfrytëzues individual janë të obliguar që Ministrisë së Financave - Sektorit të trezorit t'i paraqesin edhe planin tremujor përmbledhës, sipas muajve për shfrytëzuesit e tyre individual.

Gjatë periudhës së dhënë tremujore, shfrytëzuesi buxhetor mund të paraqesë kërkesë për ndyshimin e planit financiar tremujor, sipas muajve, programeve dhe zërave, në kuadër të shumave, të lejuara për tremujorin e dhënë.

Neni 7

Për rindarjen e mjeteve ndërmjet shfrytëzuesve buxhetor vendos Kuvendi i Republikës së Maqedonisë.

Në kuadër të të dalave, të përcaktuara në Buxhetin e shfrytëzuesve buxhetor në nivel të zërave dhe programeve, shfrytëzuesi mund të bëjë rindarjen ndërmjet zërave të të dalave dhe programeve, me pëlqim paraprak të Ministrisë së Financave.

Shfrytëzuesi buxhetor, rindarjen përkatësisht shfrytëzimin e mjeteve në kuadër të sektorit të tij, në programe dhe në zëra e bën sipas nënzërave në pajtim me Rregulloren për klasifikimin e të dalave, pa pëlqim paraprak të Ministrisë së Financave.

Shumat e përcaktuara në buxhet, shfrytëzuesit mund t'i rindahen ndërmjet zërave të të dalave, me përjashtim të këtyre zërave të të dalave, edhe atë: nga të dalat të tjera në pagë dhe nga transferet, nga të dalat kapitale dhe transferet kapitale në të dalat e tjera, përveç rindarjes ndërmjet të dalave kapitale dhe transfereve kapitale.

Me përjashtim të paragrafëve 1 dhe 4 të këtij neni, Qeveria e Republikës së Maqedonisë mundet që me Vendim për rindarjen e mjeteve të fusë mjete plotësuese në nëndarjen 090.02, programi 12, zëri 443, nënzërat: 443312 - kompensim në bazë të reformave strukturore dhe 443314 - kompensim në bazë të reformave të administratës publike.

Neni 8

Pagesa e rrogave për të gjithë shhfytëzuesit buxhetorë dhe shfrytëzues individual do të kontrollohet nga sektori për buxhete dhe fonde i Ministrisë së Financave, për ç'arsye shfrytëzuesit dhe shfrytëzuesit individual të mjeteve të buxhetit, janë të obliguar që dy ditë para pagesës së rrogave këtij sektori t'i paraqesin kërkesë për lejimin e mjeteve për rroga, së cilës do t'ia bashkangjesin formularët PDD-MP dhe MP-1, kopje nga rekapitulimi për rrogat e përllogaritura neto dhe bruto dhe formularin F-1 për numrin e të punësuarve, me emër dhe mbiemër, rrogën bruto dhe neto dhe të dhënat të tjera në versionin e shkruar dhe elektronik (në disketën CD, e-mail etj.) për muajin përkatës, me të cilin ka të bëjë pagesa.

Neni 9

Punëtorëve udhëheqës dhe nëpunësve udhëheqës shtetëror, të emëruar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë, te shfrytëzuesit buxhetorë, nga dita e emërimit të tyre, përfundmisht me ditën e shkarkimit të tyre, u takon kompensim për shpenzime për jetë të ndarë nga familja, në shumë prej 40% nga rroga mesatare neto mujore, e paguar në Republikën e Maqedonisë, në tre muajt e kaluar.

Kompensimi për shpenzime për jetë të ndarë nuk u takon personave nga paragrafi 1 i këtij neni, nëse vendi ku jeton është larg më pak se 100 kilometra nga vendi i punës.

Neni 10

Personave, të cilëve u takon e drejta për shfrytëzim të banesës zyrtare në pajtim me ligj, nëse e njëjta nuk mund t'u sigurohet, kanë të drejtë kompensimin për qira të banesës. Qeveria e Republikës së Maqedonisë, me Vendim, do ta përcaktojë shumën e kompensimit për qira të banesës.

Kompensimi për shpenzimet për jetë të ndarë dhe kompensimi për qira të banesës, përjashtohen reciprokisht.

Neni 11

Dispozitat nga nenet 9 dhe 10 të këtij ligji aplikohen edhe për personat në shërbim në Armatën e Republikës së Maqedonisë dhe në Ministrinë e Punëve të Brendshme, të cilëve u takojnë këto të drejta në pajtim me ligjin.

Neni 12

Kompensimi për transport deri dhe nga vendi i punës, me deklaratë të dhënë paraprakisht paguhet vetëm për të punësuarit, vendqëndrimi i të cilëve është larg 2.5 km nga vendi i punës, por jo më shumë se 900 denarë në muaj, kompensim ky që paguhet sipas listave të dorëzuara paraprakisht nga shfrytëzuesit dhe shfrytëzuesit individual të mjeteve të buxhetit në Ministrinë e Financave, Sektori për buxhete dhe fonde.

Të punësuarve, të cilëve në kryerjen e punëve nga vendi i tyre i punës u është i domosdoshëm shfrytëzimi i transportit, u takon kompensim në lartësinë e shpenzimeve reale. Në rastet kur nuk ekziston transporti publik, të punësuarve u takon kompensim në lartësi të shpenzimeve reale për transport.

Punëtorëve udhëheqës të emëruar dhe nëpunësve udhëheqës shtetërorë, te shfrytëzuesit buxhetor, të cilët jetojnë në një, ndërsa punojnë në komunë tjetër, nëse nuk realizojnë të drejtën e kompensimit të shpenzimeve për jetë të ndarë, u takon kompensim për transport në lartësinë e shpenzimeve reale për transport për mjetin transportues më të lirë të trafikut publik, që mundëson arritje dhe shkuarje me kohë nga puna, por jo më shumë se lartësia e kompensimit të shpenzimeve për jetë të ndarë.

Të punësuarve, të cilëve në bazë të lejes zyrtare u mundësohet të shfrytëzojnë vetura zyrtare për transport personal deri në vendin e punës dhe nga vendi i punës, nuk u takon kompensimi për transport.

Neni 13

Kompensimi për ushqim (nëse ushqimi nuk është i organizuar) është 2.300 denarë në muaj, kompensim i cili paguhet sipas listave të dorëzuara paraprakisht nga shfrytëzuesit dhe individët shfrytëzues të mjeteve të Buxhetit në Ministrinë e Financave – Sektori për buxhet dhe fonde.

Neni 14

Kompensimi për mëditje për udhëtim zyrtar brenda Republikës, pa shpenzime për fjetje është 800 denarë.

Neni 15

Kompensimi për shpenzime zhvendosjeje, për persona të cilëve u takon e drejta e shfrytëzimit të banesës zyrtare, paguhet në lartësi të shpenzimeve reale për transferimin e orendive shtëpiake.

Kompensimi për shpenzime zhvendosjeje nuk u takon, nëse të punësuarit i paguhet kompensim për jetë të ndarë.

Neni 16

Në rast pushimi mjekësor, më të gjatë se gjashtë muaj dhe në rast të pasojave më të rënda nga gjendje e jashtëzakonshme sipas Ligjit për mbrojtje nga fatkeqësitë elementare, të punësuarit i paguhet ndihmë në lartësi të një rroge mujore mesatare të fundit në organin ku është i punësuar.

Neni 17

Në rast vdekjeje të punëtorit, familjes së tij i takon ndihmë në para në shumë prej dy rrogave mesatare të fundit mujore, të paguara në organin ku ka qenë i punësuar punëtori, por jo më shumë se 30.000 denarë.

Në rast vdekjeje të ndonjë anëtari të familjes më të ngushtë të punëtorit (prind, bashkëshort/e, fëmijë të lindur me kurorë apo jashtë kurore, të birësuarit, fëmijët e birësuar dhe fëmijët e marrur nën përkujdesje), të punësuarit, në rast se ka jetuar në shoqëri i takon ndihmë në para, në lartësi prej një rroge mesatare mujore të fundit, e paguar në organin ku është i punësuar, por jo më shumë se 15.000 denarë.

Neni 18

Shfrytëzuesit e buxhetit, të cilët financohen ekskluzivisht prej aktiviteteve vetëfinancuese, të drejtat e fituara në bazë të neneve 9, 10, 12, 13, 14, 15, 16 dhe 17 të këtij ligji paguhen nga të ardhurat e realizuara prej aktiviteteve vetëfinancuese

Neni 19

Пензијата од ставот 1 на овој член се усогласува од 1 јануари и 1 јули секоја година според процентот кој се добива како збир на движењето на индексот на трошоците на животот во претходното полугодие и процентот на движењето на просечно исплатената нето плата на сите вработени во Република Македонија во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи. Заради примената на ставот 1 од овој член пензијата остварена во тековната година претходно се сведува во месечен износ според порастот на платите од декември во претходната година во однос на просечната плата од истата година."

Член 24

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а одредбите од членот 12 (член 180 ставови 2 и 14) и членот 15 (член 183 став 3) од овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 2004 година, членот 19 ќе се применува од 1 април 2004 година, а членот 15 (член 183 ставови 5 и 6) и членот 20 ќе се применуваат од 1 јануари 2005 година, а членот 13 ќе се применува со отпочнување на примената на членот 58 став 4 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

L I GJ I
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM PENSIONAL DHE INVALIDOR

Neni 1

Në Ligjin për sigurim pensional dhe inavlidor (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë numër 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 5/2001 dhe 50/2001), në nenin 10 paragrafi 2 pas fjalës: “Fondi” shtohen fjalët: “dhe për arkëtimin e kontributit”

Neni 2

Në nenin 22 shtohet paragraf i ri 5, si vijon:

“Për kohën gjatë së cilës i siguruari ka realizuar kompensim në rrogë për orar pune të shkurtuar për shkak të kujdesit ndaj fëmijës me hendikep më të rëndë, për caktimin e bazës së pensionit merret kompensimi në para sipas dispozitave të mbrojtjes sociale”.

Neni 3

Në nenin 25 paragrafin 1 pas fjalës: “baza” shtohen fjalët: “të personave të papunë të cilët marrin kompensim në para në rast të papunësisë”.

Neni 4

Në nenin 34 paragrafin 1 viti: “2000” zëvendësohet me vitin: ”2002”.

Neni 5

Në nenin 53 paragrafi 2 fshihet.

Neni 6

Në nenin 117 paragrafi 1 pas pikës 2) shtohet pikë e re 3), si vijon:

“3) koha e bujqve e kaluar në sigurim pleqërie konform nenit 203 nga ky Ligj llogaritet në stazhin pensional vetëm për përmbushjen e kushteve minimale për fitimin e të drejtës për pension”.

Neni 7

Në nenin 120 pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2 si vijon:

“Në stazh të sigurimit llogaritet koha për të cilën i siguruari e shfrytëzon të drejtën për kompensim në rrogë për orar pune të shkurtuar për shkak të kujdesit ndaj fëmijës me hendikep më të rëndë konform Ligjit për mbrojtje sociale”.

Neni 8

Neni 132-a ndryshohet si vijon:

“Kontributi për sigurim pensional dhe invalidor shpërndahet edhe atë 65% për sigurim të obligueshëm pensional dhe invalidor mbi bazë të solidaritetit të gjeneratës dhe 35% për sigurim të obligueshëm kapital pensional të financuar”.

Neni 9

Në nenin 141, paragrafin 1 pas fjalës “sigurim” shtohen fjalët: “dhe për arkëtimin e kontributeve”.

Neni 10

Në nenin 172 paragrafi 1 pika 1) ndryshohet si vijon:

“1) pagesa e kontributit nga rroga e punëtorëve, nga bazat e sigurimit për persona fizik, si edhe nga baza e sigurimit të bujqve individual varësisht nga lartësia e realizuar e të hyrave të kadastrës”.

Neni 11

Në nenin 175 paragrafi 1 pika 3 fjala “fitimi” zëvendësohet me fjalën “rroga”.

Neni 12

Neni 180 ndryshohet si vijon:

“Bazë për përllogaritje dhe pagesë të kontributit për sigurim pensional dhe invalidor, si dhe për stazhin e sigurimit i cili llogaritet me kohëzgjatje të zmadhuar, paraqet rrogë bruto, në të cilën janë përfshirë kontributet dhe tatimet që paguhen nga rroga.

Bazë për përllogaritje dhe pagesë të kontributeve për sigurim pensional dhe invalidor për personat fizik që ushtrojnë veprimtari, paraqet rroga mesatare neto për punëtor, e caktuar në nivel të seksionit për veprimtarinë që e ushtron, konform klasifikimit nacional të veprimtarive.

Personat fizik që ushtrojnë veprimtari me kërkesë të tyre, kontributin mund ta paguajnë në bazë më të lartë nga baza e përcaktuar në paragrafin 2 të këtij neni.

Për punëtorët e dërguar nga punëdhënësi me punë jashtë vendit, si bazë për përllogaritje dhe pagesë të kontributit për sigurim pensional dhe invalidor, merret rroga mesatare e punëtorit e realizuar në vitin para se të dërgohet me punë jashtë vendit, e harmonizuar me rritjen mesatare mujore të rrogave te punëdhënësi që e ka dërguar me punë jasht vendit.

Bazë për përllogaritje dhe pagesë të kontributit për sigurim pensional dhe invalidor gjatë kohës së pengimit të përkohshëm për punë paraqet baza prej së cilës është përllogaritur kompensimi.

Bazë për përllogaritje dhe pagesë të kontributit për sigurim pensional dhe invalidor për personat e papunë, paraqet baza prej së cilës është caktuar kompensimi në para në rast të papunësisë.

Bazë për përllogaritje dhe pagesë të kontributit për sigurim pensional dhe invalidor për orar pune të shkurtuar për shkak të kujdesit ndaj fëmijës me hendikep më të rëndë që e paguan organi kompetent paraqet baza prej së cilës është përllogaritur kontributi.

Базë пër përllogaritje dhe pagesë të kontributit për sigurim pensional dhe invalidor për të siguruarin i cili e shfrytëzon të drejtën për kompensim në para në bazë të aftësisë punuese të zvogëluar, përkatësisht aftësisë së mbetur punuese, paraqet baza prej së cilës është përcaktuar kompensimi.

Personave të siguruar që nuk janë të përfshirë me paragrafët prej 1 deri në 8 të këtij neni, kontributet për sigurim pensional dhe invalidor me akt ua cakton Fondi.

Baza për përllogaritje dhe pagesë të kontributit, përkatësisht baza e sigurimit, nuk mund të jetë më e ulët se 65% nga neto rroga mesatare për punëtor në Republikë, e publikuar në muajin vijues.

Bazat për përllogaritje dhe pagesë të kontributit për sigurim pensional dhe invalidor të bujqve individual, paraqesin baza të sigurimit. Bazat e sigurimit përcaktohen sipas lartësisë të të hyrave kadastrale nga veprimtaria bujqësore.

Bujku individual, me kërkesë të tij mund të sistemohet në bazë më të lartë të sigurimit nga ajo në të cilën do të ishte sistemuar sipas lartësisë së të hyrave kadastrale.

Baza për përllogaritje dhe pagesë të kontributit për sigurim pensional dhe invalidor të bujqve individual, nuk mund të jetë më e vogël se 30% nga rroga mesatare e realizuar në Republikë në vitin paraprak.Bazat e sigurimit nga paragrafi 13 i këtij neni, në fillim të vitit harmonizohen me rritjen e planifikuar të rrogave konform politikës makroekonomike për vitin vijues.

Fondi, me akt i përcakton bazat e sigurimit për bujqit individual.

Neni 13

Pas nenit 180 shtohet neni i ri 180-a, si vijon:

"Neni 180-a

Për të siguruarit që do t'i qasen financimit kapital të obligueshëm të sigurimit pensional, baza për përllogaritje dhe pagesa e kontributit nga rroga, përkatësisht baza e sigurimit, nuk mund të jetë më e lartë se tri rroga mesatare për punëtor në Republikë e publikuar në muajin vijues".

Neni 14

Në nenin 182 paragrafët 2 dhe 3 fshihen.

Neni 15

Neni 183 ndryshohet si vijon:

"Pagesën e kontributit për sigurim pensional dhe invalidor nga rroga, obliguesit e realizojnë te bartësit e qarkullimit pagesor.

Obligimi për pagesën e kontributit arrin në ditën e ngritjes të mjeteve për rrogë, ndërkaq nëse rroga nuk është e paguar, ditën e fundit të muajit për muajin paraprak. Për obliguesit që për veten e vetë janë obligues për pagesën e kontributit, ditën e fundit të muajit për muajin paraprak.

Për personat fizik që ushtrojnë veprimtari dhe bujqit individual për të cilët bazat e sigurimit i cakton Fondi, përllogarinë dhe arkëtimin e kontributeve e realizon Fondi.

Obliguesit, përveç obliguesve nga paragrafi 3 të këtij neni, janë të obliguar që kontributin për sigurim pensional dhe invalidor ta përllogarisin dhe paguajnë muaj për muaj, veç e veç për çdo të siguruar në bazë të bazës së përcaktuar sipas nenit 180 të këtij Ligji për muajin përkatës dhe të dhënat për rrogën e përllogaritur dhe kontributet e përllogaritura t'i dorëzojë pranë Fondit më së voni deri me tetin e muajit rjedhës për muajin paraprak.

Përllogaritjen mujore për lartësinë e kontributit nga paragrafi 4 i këtij neni e kontrollon dhe e verifikon Fondi, para se obliguesi ta realizojë pagesën e kontributit te bartësi i qarkullimit pagesor.

Të dhënat nga paragrafi 4 të këtij neni, obliguesi është i detyruar t'i dërgojë pranë Fondit përmes rrugës elektronike, me shfrytëzim të obligueshëm të softverit kompjuterik të Fondit, në mënyrën dhe procedurën e përcaktur me akt të Fondit.

Të dhënat për obliguesit nga paragrafi 3 i këtij neni për rrogën e përllogaritur, përkatësisht bazën e sigurimit dhe kontributin e paguar për sigurim pensional dhe invalidor shfrytëzohen nga të dhënat e Fondit.

Të dhënat për rrogën e përllogaritur dhe kontributet nga rroga, mund t'i shfrytëzojnë edhe për nevojat e organeve tjera, mbi bazë të protokollit për këmbimin e këtyre të dhënave

Neni 16

Pas nenit 183 shtohet nen i ri 183–a, si vijon:

"Neni 183-a

Kontributi për sigurim pensional dhe invalidor paguhet vetëm në mjete monetare"

Neni 17

Neni 184 ndryshon si vijon:

"Për të siguruarit të cilët nuk janë paraqitur me kohë në sigurimin pensional dhe invalidor ose nuk e kanë paguar tërësisht dhe në kohë kontributin për sigurim pensional dhe invalidor, shumës të kontributit që nuk është paguar në afatin e përcaktuar me nenin 183, paragrafi 2 i këtij ligji, i paguhet kamatë në lartësi prej 0,05 % për çdo ditë vonesë.

Për të siguruarit nga paragrafi 1 i këtij neni të cilët nuk kanë rrogë, gjegjësisht bazë për sigurim, për përllogaritje dhe pagesë të kontributit për sigurim pensional dhe invalidor shërben baza e përcaktuar konform nenit 20 të këtij ligji."

Neni 18

Neni 185 ndryshon si vijon:

"Fondi bën kontroll në evidencën për përllogaritje dhe pagesë të kontributit për sigurim pensional dhe invalidor te obliguesit për pagim të kontributit.

Kontrollin nga paragrafi 1 i këtij neni e bën person i autorizuar nga Fondi, në bazë të autorizimit të dhënë nga drejtori i Fondit.

Personi i autorizuar i cili bën kontrollim të kontributit të përllogaritur dhe të paguar, posedon letërnjoftim për autorizim.

Mënyra dhe procedura për kryerjen e kontrollit, përmbajtja e formularit për autorizim dhe mënyra e lëshimit të tij, më për së afërmi rregullohet me akt të Fondit.

Neni 19

Pas nenit 185 shtohen nëntë nene të reja: 185-a,185-b,185-v,185-g,185-d,185-gj,185-e,185-zh dhe 185-z, si vijojnë:

"Neni 185-a

Kontrolli te obliguesi për pagesë të kontributit, bëhet në bazë të evidencës nga lëmia e punës dhe evidenca për përllogaritje dhe pagesë të kontributit, përllogari mujore për rrogë dhe kontribute, listë pagese për pagesë individuale të rrogave për të punësuar, urdhër për pagesë të kontributit, përllogari vjetore dhe dokumentacion tjetër të cilin do ta kërkojë punëtori i autorizuar.

Neni 185-b

Kontrolli për përllogaritje dhe pagesë të kontributit, sipas rregullës, bëhet në lokalet e obliguesit ose te personi i autorizuar për mbajtje të librave afariste, në kohën e punës të obliguesit, por me përjashtim edhe në lokalet e njësisë rajonale të Shërbimit Profesional të Fondit.

Neni 185-v

Obliguesi është i detyruar që personit të autorizuar në Shërbimin Profesional të Fondit t'i mundësojë kryerje të kontrollit, t'ia sigurojë kushtet e nevojshme për kryerje të kontrollit dhe t'ia vë për shqyrtim dhe dispozicion evidencën e tërësishme, librat afariste dhe dokumentacionin, që është me rëndësi për përcaktimin e lartësisë të kontributit të përllogaritur dhe të paguar.

Neni 185-g

Në qoftë se obliguesi nuk siguron kushte për kryerjen e kontrollit, punëtori i autorizuar mund të kërkojë nga obliguesi që librat afariste dhe dokumentacionin tjetër, me rëndësi për përcaktimin e obligimit, t'i dërgojë për kontroll në Shërbimin Profesional të Fondit.

Neni 185-d

Punëtori i autorizuar ngre procedurë kundërvajtëse kundër obliguesit i cili nuk do të mundësojë të bëhet kontrolli i kontributit të përllogaritur dhe të paguar për sigurim pensional dhe invalidor.

Neni 185-gj

Nga kontrolli i kryer, punëtori i autorizuar përpilon procesverbal.

Një kopje të procesverbalit nga paragrafi 1 të këtij neni i dorëzohet obliguesit, në afat prej tetë ditësh nga dita e kontrollit të bërë.

Obliguesi ka të drejtë të paraqesë kundërshtim për procesverbalin nga kontrolli, në afat prej tetë ditësh nga dita e dërgimit të tij. Nëse në kundërshtim paraqiten fakte të reja dhe bashkangjiten dëshmi të reja që do të ndikonin në marrjen e vendimit dhe ndërmarrjen e masave të reja, do të kontrollohen faktet e nxjerrura dhe dëshmitë e bashkangjitura dhe për atë do të përpilohet procesverbal plotësues.

Neni 185-e

Nëse me kontrollin konstatohet se obliguesi nuk i ka përllogaritur, i ka përllogaritur jorregulllisht ose nuk i ka paguar kontributet për sigurim pensional dhe invalidor, me Vendim urdhërohet pagesë e kontributit të arritur dhe kamatës së përllogaritur.

Vendimin nga paragrafi 1 të këtij neni, e merr person i autorizuar, në afat prej tetë ditësh nga dita e pranimit të kundërshtimit, gjegjësisht nga skadimi i afatit për paraqitjen e kundërshtimit sipas procesverbalit.

Vendimi sipas të cilit nuk është bërë pagesa e kontributit për sigurim pensional dhe invalidor dhe kamata e përllogaritur kanë karakter të dokumentit ekzekutiv.

Neni 185-zh

Kundër vendimit nga neni 185-e të këtij ligji, obliguesi mund t'i paraqesë ankesë Komisionit të Qeverisë të Republikës së Maqedonisë, për vendosje në shkallë të dytë për lëndët e sigurimit pensional dhe invalidor dhe për arkëtimin e kontributit.

Ankesa nga paragrafi 1 i këtij neni, nuk e shtyn ekzekutimin e vendimit.

Kundër vendimit të marrur në procedurë sipas ankesës nga Komisioni i Qeverisë të Republikës së Maqedonisë, për vendosje në shkallë të dytë për lëndët e sigurimit pensional dhe invalidor dhe për arkëtimin e kontributit, mund të ngritet kontest administrativ para Gjyqit Suprem të Republikës së Maqedonisë.

Neni185-z

Obliguesi i cili në afatin e përcaktuar nuk i paguan vullnetarisht obligimet sipas vendimit për arkëtim të kontributit, Fondi me rrugë të dhunshme do ta arkëtojë kontributin, konform dispozitave të Ligjit për Qarkullim Pagesor.

Në qoftë se vendimi nuk mund të ekzekutohet nga llogaritë e obliguesit që i ka te bartësit e qarkullimit pagesor, njësia rajonale e Shërbimit Profesional të Fondit, do të paraqesë kërkesë në Ministrinë e Financave – Drejtoria për të Hyra Publike, të bëjë pagesën e dhunshme nga prona e obliguesit për pagesën e kontributit për sigurim pensional dhe invalidor, në pajtim me dispozitat për përcaktim dhe arkëtim e të hyrave publike."

Neni 20

Në nenin 191 paragrafi 2 pas pikës 2) shtohet pikë e re 3) si vijon:

"3) nuk dorëzon të dhëna mujore për përllogarinë mujore të kontributit dhe rrogës, individualisht për çdo të siguruar, ose bën pagesë kontributi pa kontrollë paraprake. (neni 183);"

Pika 3) bëhet pikë 4).

Neni 21

Në nenin 203 fjalët: "bujqëve individual për shkak të përmbushje të kushteve", zëvendësohen me fjalët: "bujqëve individual të cilët në ditën e kërkesës së dorëzuar, e kanë këtë status për shkak të plotësimit të kushteve minimale"

Neni 22

Nenet 26 dhe 27 nga Ligji për ndryshim dhe plotësim të Ligjit për Sigurim Pensional dhe Invalidor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 24/2000) fshihen.

Neni 23

Neni 29 nga Ligji për ndryshim dhe plotësim të Ligjit për Sigurim Pensional dhe Invalidor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 24/2000) ndryshon si vijon:

"Harmonizimi i pensionit të pleqërisë bëhet për gjysmën e 80% nga lëvizja e indeksit të shpenzimeve të jetës dhe për 20% nga lëvizja e rrogës mesatare neto të paguar të të gjithë të punësuarve në Republikë.

Pensioni nga paragrafi 1 i këtij neni, harmonizohet prej 1 janarit dhe 1 korrikut çdo vit, sipas përqindjes që fitohet si shumë e lëvizjes së indeksit të shpenzimeve të jetës në gjysmëvjetorin paraprak dhe përqindjes së lëvizjes të rrogës mesatare neto të paguar të të gjithë të punësuarve në Republikën e Maqedonisë në gjysmëvjetorin paraprak, në raport me gjysmëvjetorin që i paraprin. Për shkak të zbatimit të paragrafit 1 të këtij neni, pensioni i realizuar në vitin në vijim, paraprakisht redukohet në shumë mujore, sipas rritjes së rrogave në dhjetor në vitin paraprak në raport me rrogën mesatare nga viti i njëjtë."

Neni 24

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa dispozitat nga neni 12 (neni 180 paragrafët 2 dhe 14) dhe neni 15 (neni 183 paragrafi 3) të këtij ligji do të zbatohen prej 1 janarit të vitit 2004, neni 19 do të zbatohet prej 1 prillit të vitit 2004, ndërsa neni 15 (neni 183 paragrafi 5 dhe 6) dhe neni 20 do të zbatohen prej 1 janarit të vitit 2005, ndërsa neni 13 do të zbatohet me fillimin e zbatimit të nenit 58 paragrafi 4 nga Ligji për sigurim të obligueshëm kapital - pensional të financuar.

1875.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ
ЗА ВОДОСТОПАНСТВАТА

Се прогласува Законот за водостопанствата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2003 година.

Бр. 07-6735/1
29 декември 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

З А К О Н
ЗА ВОДОСТОПАНСТВАТА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат: основањето, организирањето, работењето, финансирањето, контролата и престанокот на работењето на водостопанствата.

Член 2

Целите на овој закон се:

- обезбедување на економично стопанисување, користење, функционирање и одржување на хидросистемите, системите за наводнување и системите за одводнување (во натамошниот текст: системи), преку водостопанствата како автономни јавно правни субјекти;

- дефинирање на обемот на услугите кои водостопанствата ги даваат на корисниците на вода;
- уредување на условите за пренесување на правото на користење на системите и објектите на водостопанствата и
- воспоставување на услови за нормално и успешно работење на водостопанствата и користење на нивните услуги од корисниците на вода.

Член 3

Поимите употребени во овој закон, го имаат следново значење:

"Водостопанството" е правен субјект sui generis, што е основано, работи и престанува да работи според одредбите на овој закон;

"Подрачје на дејствување" е определено географско подрачје во чии граници водостопанството ја врши својата дејност;

"Хидросистем" е целина од хидротехнички објекти со кои се уредува режимот на користењето на водите, што опфаќа една или повеќе брани со акумулации и/или/ зафати, канали за доведување и/или/ одведување на вода, вклучувајќи ги распределителните градби, прегради, преливи, пропусти, заштитни насипи, пумпни станици, и придружна инфраструктура-патишта, згради, и земјиштето под и во непосредна близина на хидротехничките објекти во обем потребен за користење и одржување на објектите;

"Систем за наводнување" е целина од хидротехнички објекти со кои се зафаќа и доведува вода за наводнување на земјоделско и друго земјиште, што особено опфаќа зафати, пумпни станици и канали со придружна инфраструктура-патишта, згради, и земјиштето под и во непосредна близина на хидротехничките објекти во обем потребен за користење и одржување на објектите;

"Систем за одводнување" е целина од хидротехнички објекти со кои се врши заштита и одводнување на земјоделско и друго земјиште, патишта и урбанизирани зони, што особено опфаќа, заштитни насипи, канали и пумпни станици со придружна инфраструктура-патишта, згради и земјиштето под и во непосредна близина на хидротехничките објекти во обем потребен за користење и одржување на објектите;

"Водна заедница" е правен субјект sui generis, основана во согласност со Законот за водните заедници;

"Комунално претпријатие за водоснабдување" е јавно правно лице по Законот за локалната самоуправа или секое друго лице или претпријатие, кое има законско право да работи со систем за водоснабдување на град, село или населено место за дистрибуција на вода за консумирање од страна на човекот (вода за пиење и други потреби) и технолошки потреби;

"Точка на снабдување со вода", значи место на главниот канал, објект или цевка од каде водостопанството обезбедува и испорачува определена количина на вода или протек, од кој корисникот на вода може да црпи или да зафати вода за сопствени потреби;

"Постојно водостопанско претпријатие" е постојно водостопанско претпријатие, друго правно лице или дел од претпријатие што врши водостопанска дејност, како и јавните претпријатија од областа на водостопанството кои се основани со одлуки на Владата на Република Македонија и

"Корисник на вода" е физичко или правно лице кое користи услуга за испорака на вода од водостопанството за: наводнување, консумирање од страна на човекот (пиење и други потреби), индустриски и технолошки (стопански) потреби вклучувајќи го и производството на електрична енергија (во натамошниот текст: корисник).

Член 4

Дејностите на водостопанството се дејности од јавен интерес.

II. НАДЛЕЖНОСТ

Член 5

Водостопанството е јавно правно лице, кое врши економично стопанисување, користење, функционирање, одржување и контрола на системите во целина, заради:
- снабдување со вода за наводнување;
- снабдување со вода на комунално претпријатие за водоснабдување за консумирање од страна на човекот (вода за пиење и други потреби) и технолошки потреби;
- снабдување со вода за индустриски и технолошки (стопански) потреби вклучувајќи го и производството на електрична енергија и
- одводнување на земјиште.

Член 6

Водостопанството ги снабдува со вода за наводнување:
- водните заедници и
- индивидуалните корисници (физички и правни лица), кои се вон територијата на водната заедница, а имаат можност и потреба од наводнување.

Член 7

Водостопанството врши и одводнување за правни и физички лица, сопственици или корисници на земјоделско и друго земјиште, патишта и урбанизирани зони, доколку во рамките на подрачјето на дејствувањето на водостопанството постои и систем за одводнување.

Член 8

Ако водостопанството има единствена дејност одводнување и не врши снабдување со вода, истата ја извршува задолжително на подрачјето на дејствувањето, на сите површини и објекти кои имаат потреба од одводнување и припаѓаат во системот за одводнување.

Член 9

Водостопанството, во рамките на подрачјето на дејствувањето може да врши снабдување со вода на комунално претпријатие за водоснабдување, на правни лица за индустриски и технолошки (стопански) потреби, вклучувајќи го и производството на електрична енергија, само кога системот тоа го овозможува согласно со проектната-техничка документација.

Член 10

Водостопанството може да произведува и продава електрична енергија само во случаите, кога хидроцентралата претставува дел на системот со кој стопанисува водостопанството, а во согласност со дозволата за користење на водата.

Член 11

За остварување на своите надлежности, водостопанството во рамките на подрачјето на дејствувањето, може да врши:
- изградба, одржување, реконструкција и рехабилитација на хидротехничките објекти;
- монтирање, демонтирање, одржување, контрола и читање на мерни инструменти-водомери и
- геодетски и други снимања за потребите на системот.

Член 12

Со цел да обезбеди ефикасна работа на системот, да заштити или обезбеди сигурност на објектите кои припаѓаат на системот, водостопанството може да:
- насочува водни тела во акумулацијата или во други објекти на системот;
- гради и одржува објекти за заштита и одбрана од поплави;

- гради и одржува објекти за спречување од ерозија;
- гради и одржува објекти за регулирање на реките и пороите и
- врши други работи во согласност со закон.

Член 13

При вршење на својата дејност, водостопанството:
- обезбедува оптимални услуги за корисниците на вода;
- обезбедува подеднаков третман во давањето на услугите на сите корисници на вода;
- пресметува и наплаќа надоместоци за услугите кои ги обезбедува;
- презема мерки за рационално користење на водата, за намалување на загубите на вода на минимум;
- презема мерки за штедење на водата;
- совесно и одговорно управува со своите средства, работејќи со нив на внимателен и трошковно ефикасен начин;
- го одржува и обезбедува ефикасно и одржливо функционирањето и користењето на системот со кој стопанисува и
- ги спроведува прописите од областа на својата надлежност и општите и поединечните акти што ги донесува.

Член 14

Водостопанството, набавките на стоки и услуги потребни за неговото работење ги врши во согласност со прописите за јавни набавки.

Член 15

Заради реализирање на работите од членовите 11 и 12 на овој закон, водостопанството може да донесе решение со кое воспоставува времена службеност врз парцелите опфатени со работите.

Против решението од ставот 1 на овој член, странката има право на жалба до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Жалбата изјавена против решението не го одлага извршувањето на решението.

Член 16

Во случаите од членовите 11 и 12 на овој закон, кога постои итност или спречување на опасност од настапување на значителна штета на системот и/или/ парцелите што ги снабдува со вода или ги одводнува, водостопанството има право на пристап и користење на земјиштето во приватна сопственост или врз кое постои право на користење и без донесување на решение од членот 15 на овој закон, со тоа што во рок од 24 часа е должно да го извести министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 17

При воспоставување на времена службеност од членот 15 на овој закон, водостопанството одговара за штетата што сопственикот или корисникот на земјиштето ја претрпел, според одредбите на Законот за облигационите односи.

По извршените работи водостопанството е должно земјиштето и објектите да ги врати во првобитна состојба.

Член 18

Заради реализација за извршување на дејностите, водостопанството може да покрене постапка за експропријација на земјиштето согласно со прописите за експропријација.

III. СТАТУСНИ ОДРЕДБИ

Член 19

Називот на водостопанството ги содржи зборот "Водостопанство" и ознаката за географската локација на подрачјето на дејствувањето.

Член 20

Секое водостопанство има регистрирано седиште кое се наоѓа во подрачјето на дејствувањето.

Член 21

Водостопанството има статут кој содржи одредби за:
- назив /фирма/ ;
- адресата на седиштето ;
- печатот и штембилот;
- опис на подрачјето на дејствувањето кое е прикажано на карта, која претставува составен дел на статутот;
- опис на дејностите од негова надлежност што ќе ги врши;
- деловник за работа;
- организација и систематизација;
- број на членови, состав и надлежности на одборот на корисници на вода (во натамошниот текст: одбор);
- постапката за избор, суспензија и разрешување на членови во одборот;
- постапка за свикување седници на одборот и правилата за нивно водење;
- постапка за изборот, овластувањата, суспензијата и разрешувањето на директорот;
- начинот и постапката за одредување на висината на надоместоци за услугите кои ги обезбедува водостопанството и кои се наплатуваат од корисниците;
- протокол за сигурност на снабдувањето со вода во услови на виша сила;
- реорганизација, престанок и ликвидација на водостопанството и
- вршење на други работи предвидени со закон или прописи донесени врз основа на закон.

Член 22

Водостопанството донесува акти за начинот на работа и користење на системот со кој стопанисува кои ги опфаќаат постапките за:
- користење на водата што се испорачува;
- поднесување барање за испорачување на вода и постапување по него;
- известување на корисниците за одлуките кои ги донесува одборот и
- во случај на суши и слични ситуации кои го оневозможуваат редовното работење.

На актите од ставот 1 на овој член согласност дава Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

IV. ОРГАНИ И НИВНИ НАДЛЕЖНОСТИ

Член 23

Водостопанството има одбор на корисници на вода составен од пет до 11 членови.

Одборот е составен од членови избрани од претставници на:
- водните заедници од подрачјето на дејствувањето на водостопанството;
- комуналните претпријатија за водоснабдување од подрачјето на дејствувањето на водостопанството и
- корисниците на вода за индустриски и технолошки (стопански) потреби вклучувајќи го и производството на електрична енергија .

Член 24

Во водостопанството кое стопанисува со систем за одводнување каде одводнувањето е главна дејност и кое не испорачува вода, одборот е составен од членови избрани од претставници на:
- лицата сопственици на земјоделско и друго земјиште во рамките на подрачјето на дејствувањето на водостопанството;
- лицата корисници на земјоделско земјиште и друго земјиште во државна сопственост во рамките на подрачјето на дејствувањето на водостопанството;

- единиците на локалната самоуправа и
- државните субјекти кои се сопственици или користат земјиште, или објекти кои имаат потреба од одводнување и припаѓаат во системот за одводнување.

Член 25

Кога постојат повеќе категории на корисници на вода, што имаат право на места во одборот, бројот на местата за секоја категорија корисници се утврдува согласно со статутот а врз основа на правична застапеност на различните категории на корисници на вода во зависност од степенот на користење на системот со кој стопанисува водостопанството.

Степенот на користење на системот се проценува врз основа на волуменот користена вода од страна на секоја категорија на корисници и податоците за наплата на надоместоците за услуга на таа категорија во последните три години, бројот на поединечните корисници вклучени во таа категорија и нивото на физичка припадност на системот на таа категорија корисници на вода.

Член 26

Во однос на корисниците на вода за наводнување, подрачјето на дејствувањето ќе биде поделено на географски области кои содржат групирани територии на сегашните или идни водни заедници.

Местата во одборот за оваа категорија на корисници на вода ќе бидат распределени за секоја таква област на правична основа со земање во предвид и на територијата која таа област ја покрива.

Доколку бројот на водните заедници во географската област е помал од или еднаков на бројот на местата во одборот распределени за корисниците на вода за наводнување од таа географска област, секоја водна заедница ќе има право за назначување на еден претставник од таа географска област.

Доколку бројот на водни заедници во рамките на географската област е поголем од бројот на местата во одборот распределени за корисници на вода за наводнување од таа географска област, претставниците во одборот ќе бидат избирани од и меѓу водните заедници.

Член 27

Секое комунално претпријатие за водоснабдување има право на назначување на свој претставник за најмалку едно место во одборот и било кое дополнително место кое може да им се додели во согласност со членот 25 на овој закон.

Член 28

Доколку водостопанството испорачува вода за индустриска потреба таквиот корисник ќе има право на назначување свој претставник во одборот во однос на категоријата на корисник на вода во која тој е вклучен.

Доколку водостопанството испорачува вода на два или повеќе корисника на вода за индустриски потреби, тие корисници ќе имаат право да назначат претставник во одборот во однос на нивното користење на вода во последните три години.

Доколку бројот на корисниците на вода за индустриски потреби го преминува бројот на местата во одборот наменети за таа категорија на корисници на вода, претставниците во одборот ќе бидат избирани од и меѓу корисниците за индустриските потреби.

Член 29

Кандидатот за член на одборот, треба да поседува:
- знаење и искуство од областа на водостопанството и
- познавање на проблемите во работењето на системот и нивното решавање.

Член 30

Пред истекот на мандатот, одборот во постојниот состав, за идниот состав на одборот, ги проверува условите за застапеност по категории на корисниците на вода и го утврдува бројот на членовите на одборот по категории на корисници на вода согласно со статутот и одредбите на овој закон.

Член 31

Мандатот на членовите на одборот, е четири години, со можност за повторен избор, но не повеќе од два мандата едно по друго.

Член 32

За учество на седниците на одборот и вршење на тековната работа на одборот, членовите на одборот добиваат надоместок за работата како и за покривање на патните трошоци.

Висината на надоместокот од ставот 1 на овој член ја определува одборот кои средства се обезбедуваат од средствата на буџетот на водостопанството.

Член 33

Висината на надоместокот од членот 32 став 2 на овој закон што го добива претседавачот на одборот, може да биде поголем од надоместокот кој го добиваат другите членови на одборот, но не повеќе од 20%.

Член 34

Членот на одборот е должен :
- совесно и одговорно да ја врши функцијата;
- да не го надредува интересот на субјектот што го именувал или избрал, над општиот интерес и
- да ги почитува општите и поединечните акти на водостопанството и да се грижи за нивното спроведување.

Член 35

За последиците од своето работење, членот на одборот одговара согласно со одредбите на овој закон и актите на водостопанството.

Член 36

Членот на одборот, не смее да ја користи својата функција во политички цели.

Член 37

Доколку за време на седницата на одборот или на некое тело на одборот, се отвори расправа заради донесување одлука, од која член на одборот, негов работодавец, негов брачен другар, роднина по крв во права линија до било кој степен, во странична линија до трет степен, по сватовство до втор степен, би можеле да се стекнат со определена непосредна или посредна корист, без оглед дали таквата корист е од финансиска или друга природа, членот на одборот е должен веднаш и јавно да ја искаже поврзаноста, односно својот потенцијален интерес, пред отворање на расправата, односно донесувањето на одлуката.

Член 38

Ако искажувањето на потенцијалниот интерес е направено во согласност со членот 37 на овој закон, тоа треба да се забележи во записникот од седницата, а членот не смее да учествува во натамошната расправа или во донесувањето одлуки на одборот или на некои од неговите тела, кои се во врска со предметното прашање.

Член 39

Одредбите од членот 38 на овој закон не се однесуваат на донесувањето одлуки по следниве прашања:
- висина на надоместоците за услугите кои ги обезбедува водостопанството;
- распределба или прераспределба на водата меѓу различни корисници на вода за време на суша или недостаток на вода и
- работењето на водостопанството и квалитетот на услуги што им ги обезбедува на корисниците.

Член 40

Премолчувањето на фактите од членот 37 на овој закон, доведува до ништовност на одлуката која е донесена поради таквото премолчување.

Член 41

Одборот раководи со деловната активност на водостопанството, ја насочува и следи работата на директорот и неговиот тим во извршувањето на нивните обврски.

Член 42

За секој корисник одделно, директорот на водостопанството, со решение ја утврдува висината и рокот за плаќање на надоместокот за услугата од членовите 77, 81 и 82 на овој закон.

Против решението од ставот 1 на овој член, незадоволната страна има право на жалба до одборот.

Правосилното решение има карактер на извршна исправа.

Член 43

Одборот на корисници на вода:

- го именува и разрешува директорот;
- го одобрува назначувањето на раководителите на секторите избрани од директорот;
- ги донесува актите од членот 22 на овој закон;
- ја утврдува висината на надоместоците за услугите кои ги обезбедува водостопанството и кои се наплатуваат од корисниците;
- го одобрува годишниот буџет;
- го донесува работниот план;
- ги утврдува критериумите за успешност на водостопанството;
- ги одобрува годишните сметки;
- го одобрува планот за кадровско екипирање и организациската структура ;
- донесува интерни прописи во врска со работата;
- врши континуирано следење и контрола на финансиската и оперативната работа;
- ги одобрува месечните и годишните програми за работа, како и програмите за иден развој од аспект на проектите, инвестиционите цели, функционирањето, одржувањето и интервенциите за поправка на објектите;
- предлага изменување и дополнување на статутот;
- му одредува на директорот одредени обврски;
- му ги пренесува потребните овластувања на директорот;
- подготвува оперативни планови;
- спроведува периодична контрола на кадровската екипираност и на состојбата на опремата;
- склучува договори за набавка на услуги и стоки со надворешни правни и физички лица;
- издава одобренија за преземање на сите мерки коишто се неопходни за успешно извршување на дејноста;
- поднесува барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство според членот 73 на овој закон;
- ги планира, определува и спроведува мерките за распределба на вода во случај на утврдена виша сила;
- ги одобрува годишните планови и месечните распореди за испорака на вода;
- донесува деловник за работа и
- врши и други работи што со закон, прописи донесени врз основа на закон, статутот и други одлуки, не се ставени во надлежност на друг орган на водостопанството.

Член 44

Членовите на одборот на првата конститутивна седница, од составот избираат еден претседавач и еден заменик-претседавач.

Член 45

Претседавачот:

- ги свикува и претседава со седниците на одборот и
- врши работи што со статутот, деловникот или со одлука на одборот ќе му бидат ставени во надлежност.

Член 46

За поуспешно извршување на своите надлежности, одборот може да основа една или повеќе комисии со посебни функции.

Член 47

Одборот се состанува најмалку еднаш месечно.

Во случај на потреба претседавачот има право да свикува и вонредни седници на одборот.

Покрај претседавачот, право да бараат свикување на вонредна седница имаат и најмалку една третина од членството на одборот.

По нивно писмено барање, претседавачот е должен да ја свика седницата во рок од осум дена од денот на приемот на барањето.

Ако помине рокот од ставот 4 на овој член, предлагачот од ставот 3 има право во наредните осум дена да ја свика седницата.

Член 48

За седницата се води записник што го потпишува претседавачот и записничарот.

Член 49

Одборот може полноважно да одлучува доколку на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број на членови.

Член 50

Одлуките за висината на надоместоците за услугите кои ги обезбедува водостопанството се донесуваат, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на одборот.

Сите други одлуки одборот ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови на седницата на одборот.

Член 51

Член на одборот се разрешува, ако:

- отсуствува на три последователни седници на одборот без одобрение на претседавачот, или вкупно шест седници во текот на една година;
- не се постапува согласно со членот 37 на овој закон;
- при јавна набавка за водостопанството, не декларирање, поврзаност со фирма учесничка со некое од лицата од членот 37 на овој закон;
- предизвика штета намерно или од крајно невнимание;
- во своето работење ги крши одредбите на овој закон;
- учествува во донесувањето на противзаконита одлука на одборот со која се предизвикува штета или се руши угледот на водостопанството и
- на било кој начин со своето однесување потешко го повредува законот, прописот или статутот.

Член 52

Во случаите од членот 51 на овој закон, одборот писмено го известува лицето или лицата кои го назначиле или избрале членот на одборот за разрешување и избор или назначување нов член на одборот во рок од 30 дена од денот на одржувањето на седницата на одборот кога е констатирано исполнување на случај од членот 51 на овој закон.

Доколку во предвидениот рок од ставот 1 на овој член, не биде избран или назначен нов член на одборот, одборот изгласува разрешување на тој член на одборот и неговото/нејзиното место останува слободно сé додека не се избере или назначи нов член на одборот.

Член 53

Одборот го именува директорот во својство на главен извршен орган на водостопанството, врз основа на јавен оглас.

При донесувањето одлука за именување на директор, одборот ги зема предвид работното искуство, менаџерските способности и стручните квалификации на секој од пријавените кандидати.

Член 54

Директорот му одговара на одборот за работата на водостопанството, во согласност со политиката и одлуките на одборот.

Директорот е должен најмалку еднаш годишно да достави извештај за своето работење до одборот.

Член 55

Директорот:

- го претставува водостопанството пред трети лица во согласност со статутот;
- склучува договори со трети лица од редовното работење во рамките на овластувањата со статут или посебна одлука на одборот;
- ја подготвува организационата структура на водостопанството и ја доставува на одобрување до одборот;
- подготвува годишни извештаи за одборот;
- подготвува извештаи за својата работа кои одборот му ги побарал;
- подготвува и доставува извештаи за годишни сметки;
- подготвува и доставува предлог на програма на активностите за наредната година;
- подготвува и доставува предлог на буџет;
- доставува предлог до одборот за распределба на вишокот средства во поглед на капиталните инвестиции и на другите резервни фондови;
- вработува и отпушта персонал и склучува поединечни договори за вработување во согласност со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон за оваа област, овој закон и статутот ;
- ги исполнува обврските што му ги дава одборот и
- врши и други права и должности ставени во негова надлежност со закон, прописи донесени врз основа на закон, статут и други општи акти.

Член 56

По барање на одборот, директорот:

- учествува на седниците на одборот;
- обезбедува информации, документација или предлози за функционирањето на водостопанството; и
- дава стручно мислење за работи што се во врска со функционирањето на водостопанството и системот кој го стопанисува, користи и одржува.

Член 57

Директорот нема право на глас во одлучувањето на одборот.

Член 58

Платата и другите надоместоци на директорот, ги утврдува одборот.

Член 59

Засновање на работен однос, правата и обврските од работниот однос и престанокот на работниот однос на вработените во водостопанствата се врши согласно со одредбите на Законот за работните односи.

Член 60

При засновање на работен однос со водостопанството, се определува пробна работа во траење до три месеца.

Член 61

Раководителите на организационите единици ги назначува директорот по претходно прибавено одобрение од одборот.

Член 62

Ако за работно место по јавен оглас или на друг начин, конкурира сродник на директорот: брачен другар, сродник по крв во права линија до било кој степен или во странична линија до трет степен, директорот се иззема од одлучувањето и одлуката за засновање на работен однос ја донесува одборот.

V. ОДНОСИ СО КОРИСНИЦИТЕ

Член 63

Водостопанството врши снабдување со вода врз основа на склучен договор.

Член 64

Во случај кога водата е наменета за потреби на наводнувањето, таа ќе се испорачува врз основа на:

- долгорочни договори за снабдување со вода кои се склучуваат со водната заедница и
- годишни договори за снабдување со вода во сезона за наводнување кои се склучуваат со индивидуални корисници.

Член 65

Водостопанството испорачува вода на комуналните претпријатија за водоснабдување и на корисниците на вода за индустриска потреба, вклучувајќи ја и испораката на вода за производство на електрична енергија, само врз основа на долгорочни договори за снабдување со вода.

Член 66

Времетраењето на секој долгорочен договор за снабдување со вода, се определува на период од десет години, а по барање на заинтересираната странка овој период може да биде и пократок, но не пократок од пет години.

Член 67

Договорите од членовите 64 и 65 на овој закон особено содржат податоци за:

- точките на снабдување со вода на главниот канал, објект или цевка до кои водостопанството врши снабдување со вода;
- намената и начинот на користење на водата;
- периодите за испорака на вода во текот на годината;
- висината на надоместокот за услугата и рокот за плаќање;
- условите кои се неопходни заради обезбедување на праведна и еднаква распределба на вода, а кои произлегуваат од капацитетот и физичките ограничувања на системот;
- мерките кои треба да се преземат со цел да се намалат штетните ефекти од дифузните извори на загадувањето, од салинизацијата и од презаситеност на почвата со вода;
- условите со кои се промовира рационалното користење на водата или кои се неопходни за имплементирање на законските обврски на водостопанството во поглед на користењето на водата;
- правата за снабдување со вода и протоколот за сигурност на снабдување со вода;
- обврските и ограничувањата на обврските;
- договорни казни за повреда на договорните обврски и
- други податоци кои се во согласност со одредбите на овој закон или други закони односно прописи донесени врз основа на закон.

Член 68

Договорите од членот 64 став 1 алинеи 1 и 2 на овој закон, покрај податоците од членот 67 на овој закон содржат и податоци за:

- сезоната за наводнување;
- постапката за поднесување барање за испорачување на вода за време на сезоната на наводнувањето;

- максималната количина вода која може да ја побара корисникот за време на секоја сезона за наводнување и
- правото на ограничување на испораката на вода од страна на водостопанството.

Член 69

Договорите од членот 65 на овој закон, покрај податоците од членот 67 на овој закон содржат и податоци за:
- количината на водата што треба да му се испорача на корисникот;
- правото на рестрикција во точно определени случаи и
- месечниот план на испорака на вода во случај на рестрикција.

Член 70

Толкувањето на одредбите на договорот се врши според изјавата на страните во договорот, а ако таква нема, според Законот за облигационите односи.

Водостопанството има право, во однос на договорите од членовите 64 и 65 на овој закон, да пресметува камата на ненавремено платените износи за надоместокот за услугата според законски утврдената затезна камата.

Член 71

Склучениот договор за вода во текот на траењето може да се раскине предвреме или да се изменат неговите клаузули само по взаемна писмена согласност на двете страни.

Водостопанството, има право да го раскине договорот и да го прекине снабдувањето со вода, во случај кога другата договорна страна доцни со исполнување на своите договорни обврски, подолго од 30 дена од денот на пристигнувањето на обврската, без оглед на обемот на неисполнетата обврска, како и во други случаи на едностране раскинување на договорот согласно со Законот за облигационите односи.

За едностраното раскинување на договорот од ставот 2 на овој член водостопанството писмено го известува корисникот во рок од три дена.

Член 72

Доколу водостопанството не му испорачува вода на носителот на договорот согласно договорената динамика или на друг начин ги крши условите на договорот, одговара за надоместокот на штетата според Законот за облигационите односи.

Член 73

Во случај на виша сила, ако дојде до намалување на водата наменета за корисниците, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на барање на водостопанството или корисниците прогласува состојба на виша сила со одлука.

Водостопанството е должно да ги извести сите корисници во рок од 15 дена од денот на донесување на одлуката од ставот 1 на овој член.

Известувањето од ставот 2 на овој член се врши преку локалните средства за информирање и се истакнува на огласната табла на водостопанството.

По прогласувањето на виша сила, водостопанството започнува со спроведување рестрикција во снабдувањето со вода, согласно со протоколот за сигурност на снабдување со вода во услови на виша сила.

VI. МАТЕРИЈАЛНО И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Член 74

Извори на средства на водостопанството се:
- надоместоци за услуги за снабдување со вода;
- надоместоци за одводнување;
- кредити;
- донации и
- други извори.

Член 75

На крајот на финансиската година, секој вишок на средства кој произлегува од средствата од надоместоците за услуги за снабдување со вода, надоместоци за одводнување или средства од други извори, се употребува за покривање на идните трошоци на водостопанството.

Член 76

Водостопанството може за покривање на трошоците на тековното работење да се задолжува со:
- кредити од деловни банки и
- позајмици од правни и физички лица.

Член 77

По долгорочните договори од членот 64 став 1 алинеја 1 и членот 65 на овој закон се плаќа:
- годишен надоместок и
- надоместок за испорачана количина на вода.

Член 78

Годишниот надоместок од членот 77 став 1 алинеја 1 на овој закон е износ на трошоците за тековно годишно одржување на системот и се плаќа однапред до 31 декември секоја година, за наредната година или поинаку ако тоа е одредено во статутот на водостопанството или во неговите интерни акти.

(3) Komisioni e rregullon përmbajtjen dhe mënyrën e mbajtjes të regjistrit nga paragrafi 1 i këtij neni.

Kuotimi dhe tregtia me letrat me vlerë të shoqërive aksionare të cilat mbahen në Regjistrin e Komisionit

Neni 55-v

(1) Shoqëritë aksionare nga neni 55-a i këtij ligji, të cilat i përmbushin kushtet e përcaktuara me rregullat për kuotim në Bursë, janë të obliguara t'i kuotojnë letrat e tyre me vlerë në Bursë, më së voni në afat prej 60 ditësh nga dita e regjistrimit në regjistrin e shoqërive aksionare, i cili mbahet në Komision.

(2) Me letrat me vlerë të shoqërive aksionare, të cilat nuk i përmbushin kushtet e përcaktuara me rregullat për kuotim në Bursë, tregtohet në segmentin tregtar për letra me vlerë të pakuotuara në Bursë.

(3) Pranimin për tregtim të letrave me vlerë, në segmentin tregtar për letra me vlerë të pakuotuara në Bursën e shoqërive aksionare nga paragrafi 2 i këtij neni, e bën Bursa.

njoftimi i opinionit

Neni 55-g

(1) Shoqëritë aksionare nga neni 55-a i këtij ligji janë të obliguara të shpallin në opinion njoftime për të dhënat e përgjithshme të shoqërisë, gjendjen financiare, ndryshimet në kapital, statusin juridik dhe aktivitetet afariste, të cilat kanë ndikim të rëndësishëm në çmimin e letrave me vlerë.

(2) Shoqëritë aksionare nga neni 55-a i këtij ligji janë të obliguara që në afat prej 30 ditësh nga dita e fundit e çdo gjashtëmujori, t'i publikojnë në opinion raportet e tyre financiare gjashtëmujore të pareviduara.

(3) Shoqëritë aksionare nga neni 55-a i këtij ligji janë të obliguara të publikojnë në opinion raport vjetor financiar të reviduar (bilanc të suksesit, bilanc të gjendjes, raport për rrjedhën e parave të gatshme dhe raport për ndryshime në kapital), me mendim nga revizori i autorizuar, në afat prej 15 ditësh prej ditës së miratimit të raportit të Kuvendit të aksionarëve.

(4) Komisioni, me Rregullore të posaçme e përcakton mënyrën, formën dhe përmbajtjen e njoftimeve nga paragrafi 1, 2 dhe 3 i këtij neni.

(5) Njoftimet nga paragrafi 1, 2 dhe 3 të këtij neni, Komisioni do t'i bëjë të kapshme për opinion me publikim në web faqen e vet.

Moszbatimi i dispozitave në rast të ngritjes së procedurës falimentuese ose procedurës së likuidimit

Neni 55-d

Për shoqëritë aksionare nga neni 55-a i këtij ligji, për të cilat është ngritur procedurë falimentuese ose procedurë për likuidim, nuk do të zbatohen dispozitat nga nenet 55-b dhe 55-v të këtij ligji".

Neni 4

Titulli para nenit 56 dhe neni 56 fshihen.

Neni 5

Pas nenit 67 shtohet nëntitull i ri 1-a, si vijon: "1-a. Tregtim përmes sportelit me letra afatshkurtra me vlerë" dhe shtohen dy nene të reja 67-a dhe 67-b si vijon:

"1-a. Tregtim përmes sportelit me letra afatshkurtra me vlerë

Tregtim përmes sportelit me letra afatshkurtra me vlerë

Neni 67-a

Tregtimi me letra afatshkurtra me vlerë mund të bëhet edhe jashtë tregut të parave dhe letrave afatshkurtrave me vlerë (tregtim përmes sportelit) sipas rregullave të cilat i miraton Banka Popullore e Republikës së Maqedonisë, në bashkëpunim me Ministrinë e Financave.

Barazimi i transaksioneve me letra afatshkurtra me vlerë

Neni 67-b

Barazimi i transaksioneve me letra afatshkurtra me vlerë, të lidhura jashtë tregut të parave dhe letrave afatshkurtra me vlerë bëhet menjëherë, por jo më gjatë se tri ditë nga dita e lidhjes së transaksionit."

Neni 6

Në nenin 90 shtohet paragraf i ri (2), si vijon:

"(2) Në Bursë mund të sigurohen kushte për lidhshmëri të ofertës dhe kërkesës edhe ndaj letrave shtetërore afatshkurtra me vlerë".

Neni 7

Neni 92 ndryshon si vijon:

"Barazimi i transaksioneve me letra me vlerë, të lidhura në Bursë, bëhet menjëherë, por jo më gjatë se tri ditë nga dita e lidhjes së transaksionit".

Neni 8

Në nenin 94, paragrafi (4) fshihet:

Neni 9

Në titullin para nenit 136 dhe në nenin 136, fjala "i organizuar" zëvendësohet me fjalët: "i institucionalizuar dhe i painstitucionalizuar".

Neni 10

Në nenin 138 dhe nenin 139 paragrafi (1) alineja 2, fjalët: "të lidhura në Bursë" fshihen.

Neni 11

Në nenin 142 fjalët: "në bursë" fshihen.

Neni 12

Në nenin 164 paragrafi (3) alineja 1, numri "50" zëvendësohet me numrin "15", në alinenë 2, numri "60" zëvendësohet me numrin "30" dhe në alinenë 3, numri "70" zëvendësohet me numrin "50".

Neni 13

Në nenin 165 paragrafi 5 fjalët: "neni 94 paragrafi 4" zëvendësohen me fjalët "neni 55-v paragrafi 1".

Neni 14

Në nenin 166 paragrafi (1) pika 25 ndryshon si vijon:

"25) nuk vepron në pajtim me nenin 55-v të këtij ligji;".

Pikat 26 dhe 28 fshihen.

Neni 15

Në nenin 174 viti "2003" zëvendësohet me vitin "2004".

Neni 16

Pas nenit 176 shtohet nen i ri 176-a, si vijon:

"Neni 176-a

Obligimi për kuotizim të letrave me vlerë të shoqërive aksionare nga neni 55-v i këtij ligji, vlen deri më 31 dhjetor 2004."

Neni 17

Neni 177-b fshihet.

Neni 18

Ky ligj hyn në fuqi ditën e shpalljes në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

1878.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2003 година.

Бр. 07-6717/1
29 декември 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за Народната банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 3/2002 и 51/2003) во членот 10 по алинеја 8 се додаваат две нови алинеи 9 и 10, кои гласат:

"- издава дозвола за вршење услуги брз трансфер на пари и врши надзор над работењето на субјектите кои вршат услуги брз трансфер на пари во согласност со закон;

- издава дозвола за работа на менувачниците и врши надзор над работењето на менувачниците во согласност со закон;"

Алинеите 9, 10, 11, 12 и 13 стануваат алинеи 11, 12, 13, 14 и 15.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ″Службен весник на Република Македонија″.

L I GJ I
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTSIMIN E LIGJIT PËR BANKËN POPULLORE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

Neni 1

Në Ligjin për Bankën Popullore të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 3/2002 dhe 51/2003) në nenin 10 pas alinesë 8 shtohen dy aline të reja 9 dhe 10, si vijojnë:

"- lëshon leje për kryerjen e shërbimit transfer i shpejtë i parave dhe bën mbikëqyrje mbi punën e subjekteve, që bëjnë shërbimet e transferit të shpejtë të parave, në pajtim me ligjin;

- lëshon leje për punën e këmbimoreve dhe bën mbikëqyrjen mbi punën e këmbimoreve, në pajtim me ligjin;"

Alinetë 9, 10, 11, 12 dhe 13 bëhen aline 11, 12, 13, 14 dhe 15.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

1879.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за државните службеници,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2003 година.

Бр. 07-6712/1
29 декември 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003 и 40/2003), во членот 97 годината "2004" се заменува со годината "2005".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I GJ I
PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR NËPUNËSIT SHTETËRORË

Neni 1

Në Ligjin për nëpunësit shtetërorë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003 dhe 40/2003), në nenin 97 viti "2004" zëvendësohet me vitin "2005".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi ditën e publikimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

1880.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ЗАКОНОТ ЗА ФОНДОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Се прогласува Законот за престанување на важноста на Законот за Фондот за земјоделство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2003 година.

Бр. 07-6714/1
29 декември 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

З А К О Н
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ЗАКОНОТ ЗА ФОНДОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Член 1

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за Фондот за земјоделство ("Службен весник на Република Македонија" број 11/2002 и 24/2003).

Член 2

Надлежностите на Фондот за земјоделство утврдени со член 5 од Законот за Фондот за земјоделство ("Службен весник на Република Македонија" број 11/2002 и 24/2003) со влегувањето во сила на овој закон се пренесуваат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и тоа:

1. Дава финансиска помош на вршителите на земјоделската дејност;
2. Се грижи за развојот на ефикасните земјоделски стопанства и за подобрување на структурите на земјоделските имоти;
3. Обезбедува услови за зголемување на приходот на вршителите на земјоделската дејност, односно за намалување на производните трошоци;
4. Се грижи за унапредување на регионите со лоши социјално-економски и неповолни природни услови, како и со структурно прилагодување на регионите кои заостануваат во својот развој;
5. Овозможува развој и усовршување на производствената структура во земјоделството;
6. Предлага нови технологии и го подобрува квалитетот на земјоделските производи;
7. Дава финансиска помош за одржување на земјоделските имоти со мал обем на производство;
8. Се грижи за развој на стабилен внатрешен пазар на земјоделските производи, како и изнаоѓа надворешни пазари за земјоделските производи;
9. Се грижи за развојот на интензивното земјоделско производство и за негово одржување со почитување на еколошките барања;
10. Врши осигурување на вршителите на земјоделската дејност и
11. Врши и други работи утврдени со закон.

Член 3

Опремата, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа и другите средства на Фондот за земјоделство се пренесуваат на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со состојба на 1 јануари 2004 година.

Член 4

Вработените од Фондот за земјоделство ги презема Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно со актите за организација и систематизација.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2004 година.

L I GJ I
PËR PUSHIMIN E VLEFSHMËRISËTË LIGJIT PËR FONDIN E BUJQËSISË

Neni 1

Me hyrjen në fuqi të këtij ligji pushon të vlejë Ligji për Fondin e Bujqësisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 11/2002 dhe 24/2003).

Neni 2

Kompetencat e Fondit të Bujqësisë të përcaktuara me nenin 5 të Ligjit për Fondin e Bujqësisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 11/2002 dhe 24/2003) me hyrjen në fuqi të këtij ligji, barten në Ministrinë e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujrave, edhe atë:

1. Ofron ndihmë financiare për kryerësit e veprimtarisë bujqësore;

2. Kujdeset për zhvillimin e ekonomive efikase bujqësore dhe për përmirësimin e strukturave të pronave bujqësore;

3. Siguron kushte për rritjen e të hyrave të kryerësve të veprimtarisë bujqësore, respektivisht për zvoglimin e shpenzimeve prodhuese;

4. Kujdeset për përparimin e rajoneve me kushte të pavolitshme sociale-ekonomike dhe natyrore, si dhe për adaptimin strukturor të rajoneve, të cilat ngecin në zhvillimin e tyre;

5. Mundëson zhvillimin dhe përsosjen e strukturës prodhuese në bujqësi;

6. Propozon teknologji të reja dhe e përmirëson cilësinë e prodhimeve bujqësore;

7. Ofron ndihmë financiare për mirëmbajtjen e pronave bujqësore me vëllim të vogël të prodhimit;

8. Kujdeset për zhvillimin e tregut të brendshëm stabil të prodhimeve bujqësore, si dhe gjen tregje të jashtme për prodhimet bujqësore;

9. Kujdeset për zhvillimin e prodhimit intensiv bujqësor dhe për mirëmbajtjen e tij, duke i respekuar kërkesat ekologjike;

10. Bën sigurimin e kryerësve të veprimtarisë bujqësore, dhe

11. Kryen edhe punë të tjera të përcaktuara me ligj.

Neni 3

Pajisja, inventari dhe punët tjera, arkivi, dokumentacioni, mjetet për punë dhe mjetet tjera të Fondit për Bujqësi, barten në Ministrinë e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujrave, me gjendjen e datës 1 janar të vitit 2004.

Neni 4

Të punësuarit e Fondit për Bujqësi i ndërmerr Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave, në pajtim me aktet për organizim dhe sistematizim.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi ditën e shpalljes në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të zbatohet nga 1 janari i vitit 2004.

1881.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за трговски друштва,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2003 година.

Бр. 07-6713/1
29 декември 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

Член 1

Во Законот за трговски друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 58/02 и 98/02) во членот 571 зборовите: "1 јануари 2004" се заменуваат со зборовите: "1 мај 2004".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I GJ I
PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR SHOQËRITË TREGTARE

Neni 1

Në Ligjin për shoqëritë tregtare ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 58/02 dhe 98/02) në nenin 571 fjalët: "1 janar 2004" zëvendësohen me fjalët: "1 maj 2004".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e publikimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

1882.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2003 година.

Бр. 07-6710/1
29 декември 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 29/2002), во членот 7 став (2) зборовите: "1 јануари 2004 година" се заменуваат со зборовите: "датумот кога ќе започне уплатата на придонесот во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување согласно со членот 58 став (4) на овој закон".

Член 2

Во членот 25 став (4) зборовите: "1 јануари 2004 година" се заменуваат со зборовите: "датумот кога ќе започне уплатата на придонесот во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување согласно со членот 58 став (4) на овој закон".

Член 3

Во членот 58 став (2) зборовите: "од ставот (1) на овој член" се заменуваат со зборовите: "кои прв пат пристапиле во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување по датумот утврден во ставот (4) на овој член".

Во ставот (3) зборовите: "1 јануари 2003 година" се заменуваат со зборовите: "датумот на издавање на дозволите за основање на друштва согласно со членот 34 став (1) на овој закон".

Во ставот (4) зборовите: "1 јануари 2004 година" се заменуваат со зборовите: "датумот на издавање на првата континуирана емисија на државни обврзници, но не подоцна од шест месеци од тој датум. Датумот кога ќе започне уплатата на придонесот го утврдува Владата на Република Македонија и го објавува во "Службен весник на Република Македонија"."

Член 4

Во членот 62 став (1) зборовите: "1 јануари 2004 година" се заменуваат со зборовите: "датумот кога ќе започне уплатата на придонесот во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување согласно со членот 58 став (4) на овој закон".

Член 5

Во членот 78 став (2) зборовите: "1 јануари 2003" се заменуваат со зборовите: "датумот утврден во членот 58 став (3) на овој закон".

Член 6

Во членот 106 став (5) во првиот и во шестиот ред зборовите: "1 јануари 2004 година" се заменуваат со зборовите: "датумот кога ќе започне уплатата на придонесот во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување согласно со членот 58 став (4) на овој закон".

Член 7

Во членот 130 став (1) точка 2) зборовите: "1 јануари 2004 година" се заменуваат со зборовите: "датумот кога ќе започне уплатата на придонесот во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување согласно со членот 58 став (4) на овој закон".

Член 8

Членот 138 се менува и гласи:

"Осигурениците кои прв пат пристапуваат во задолжително пензиско и инвалидско осигурување по 1 јануари 2003 година, а пред датумот утврден во членот 58 став (4) на овој закон, должни се да се зачленат во пензиски фонд во рок од три месеци сметано од датумот утврден во членот 58 став (4) на овој закон".

Член 9

Во членот 139 зборовите: "во периодот од 1 јануари 2003 до 31 декември 2003 година" се заменуваат со зборовите: "кои по 1 јануари 2003 година".

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I GJ I
PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM TË OBLIGUESHËM KAPITAL PENSIONAL TË FINANCUAR

Neni 1

Në ligjin për sigurim të obligueshëm kapital pensional të financuar ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 29/2002), në nenin 7 paragrafi (2) fjalët: "1 janar 2004" zëvendësohen me fjalët: "data kur do të fillojë pagesa e kontributit në sigurimin e obligueshëm kapital – pensional të financuar, në pajtim me nenin 58 paragrafi (4) të këtij ligji".

Neni 2

Në nenin 25 paragrafi (4) fjalët: "1 janar 2004" zëvendësohen me fjalët: "data kur do të fillojë pagesa e kontributit në sigurimin e obligueshëm kapital – pensional të financuar, në pajtim me nenin 58 paragrafi (4) të këtij ligji".

Neni 3

Në nenin 58 paragrafi (2) fjalët: "nga paragrafi (1) të këtij neni" zëvendësohen me fjalët: "të cilët për herë të parë janë qasur në sigurimin e obligueshëm kapital – pensional të financuar, pas datës së përcaktuar në paragrafin (4) të këtijë neni".

Në paragrafin (3) fjalët: "1 janar 2003" zëvendësohen me fjalët: "data e lëshimit të lejeve për themelimin e shoqatave në pajtim me nenin 34 paragrafi (1) të këtijë ligji".

Në paragrafin (4) fjalët: "1 janar 2004" zëvendësohen me fjalët: "data e lëshimit të emisionit të parë të kontinuar të fletobligacioneve shtetërore, por jo më vonë se gjashtë muaj nga kjo datë. Datën kur do të fillojë pagesa e kontributit e përcakton Qeveria e Republikës së Maqedonisë dhe e shpall në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

Neni 4

Në nenin 62 paragrafi (1) fjalët: "1 janar 2004" zëvendësohen me fjalët: "data kur do të fillojë pagesa e kontributit në sigurimin e obligueshëm kapital – pensional të financuar, në pajtim me nenin 58 paragrafi (4) të këtij Ligji".

Neni 5

Në nenin 78 paragrafi (2) fjalët: "1 janar 2003" zëvendësohen me fjalët: "data e përcaktuar në nenin 58 paragrafi (3) të këtij ligji".

Neni 6

Në nenin 106 paragrafi (5) në rreshtin e parë dhe të gjashtë, fjalët: "1 janar 2004" zëvendësohen me fjalët: "data kur do të fillojë pagesa e kontributit në sigurimin e obligueshëm kapital – pensional të financuar, në pajtim me nenin 58 paragrafi (4) të këtij Ligji".

Neni 7

Në nenin 130 paragrafi (1) pika 2) fjalët: "1 janar 2004" zëvendësohen me fjalët: "data kur do të fillojë pagesa e kontributit në sigurimin e obligueshëm kapital – pensional të financuar, në pajtim me nenin 58 paragrafi (4) të këtij Ligji".

Neni 8

Neni 138 ndryshon si vijon:

"Të siguruarit të cilët për herë të parë qasen në sigurimin pensional dhe invalidor të obliguar pas 1 janarit të vitit 2003, ndërsa para datës së përcaktuar në nenin 58 paragrafi (4) të këtij ligji, janë të obliguar të anëtarësohen në fondin pensional në afat prej tre muajsh, llogaritur nga data e përcaktuar në nenin 58 paragrafi (4) të këtij ligji".

Neni 9

Në nenin 139 fjalët: "në periudhën prej 1 janari 2003 deri më 31 dhjetor 2003" zëvendësohen me fjalët: "të cilat pas 1 janari të vitit 2003".

Neni 10

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

1883.

Врз основа на член 93 став 3 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на Република Македонија“ број 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 39/99, 81/99, 49/2000 и 6/2002), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 29 декември 2003 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОСТВАРЕНИ ОД ПРИВАТИЗАЦИЈАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ ЗА 2004 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува користењето на средствата од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал.

II

Средствата од точката I на оваа програма во себе вклучуваат дел од остварените средства од приватизацијата на „Македонски телекомуникации“, како и средствата што се планира да се остварат од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал во текот на 2004 година.

III

Средствата од точката II на оваа програма ќе се користат за следниве намени:

1. Средствата од приватизацијата на „Македонски телекомуникации“ ќе бидат наменети за:

- развојни програми - Телеком инвестициони проекти до 484.000.000 денари;
- исплата на заостанати обврски врз основа на усогласување на пензиите на пензионерите до 1.140.000.000 денари;
- исплата на заостанати обврски врз основа на усогласување на пензиите на пензионираните работници од Министерството за внатрешни работи до 200.000.000 денари и
- отплата на домашен и странски долг на Република Македонија.

2. Средствата од приватизација на претпријатијата со општествен капитал во износ од 300.000.000,00 денари, што се планира да се остварат во текот на 2004 година ќе бидат наменети за:

- отплата на долгот врз основа на обврзниците издадени согласно со Законот за начинот и постапката за исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија.

IV

Средствата од точката III на оваа програма ќе се реализираат преку Буџетот на Република Македонија.

Исплатата на средствата за одделни намени од точката III ќе се врши врз основа на документација и начин утврден со прописите за овие намени.

V

За реализација на оваа програма ќе се грижи Министерството за финансии.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-6709/1
29 декември 2003 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

1884.

Врз основа на член 4 став 1 точка 2 и став 2 од Законот за пропишување на техничките барања за производите и оцена на сообразноста („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/02), министерот за економија, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ТЕЧНИТЕ ГОРИВА

Член 1

Во Правилникот за квалитетот на течните горива („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/03) во член 16 воведната реченица се менува и гласи:

“Во првите три месеци од денот на примената на овој правилник може да се пуштат во промет затечените залихи во земјата на:“

Член 2

Во членот 18 зборовите: “01.01.2004 година“ се заменуваат со зборовите: “13.01.2004 година“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12-6658/3
29 декември 2003 година
Скопје

Министер за економија,
Стевчо Јакимовски, с.р.

1885.

Врз основа на член 23 од Законот за преземање на акционерски друштва (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/02 и 37/02), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на седницата одржана на 18.12.2003 година, Комисијата издава

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ПОНУДА ЗА ОТКУП

1. На Волнарскиот комбинат “Тодор Циповски -Мерџан“ - ТЕТЕКС акционерско друштво - Тетово се издава дозвола за давање понуда за откуп на обичните акции издадени од Тетовска Банка АД Тетово. Понудата за откуп ја дава Брокерската куќа КБ Брокер АД Скопје, во име и за сметка на Волнарскиот комбинат “Тодор Циповски - Мерџан“ - ТЕТЕКС акционерско друштво - Тетово.

2. Откупот на хартиите од вредност ќе се врши по цена од 1.200,00 денари за една обична акција.

3. Рокот за прифаќање на понудата изнесува 30 дена од денот на првото објавување на извадокот од проспектот и понудата за откуп.

4. Понудувачот од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски во рокот и начинот предвиден со Законот и Понудата за откуп.

5. Жалбата против ова решение не го одложува неговото извршување.

6. Ова решение ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1364/10
18 декември 2003 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
проф. д-р **Весна Пендовска**, с.р.

1886.

Врз основа на член 37 и 38 од Законот за хартии од вредност (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/00, 103/00, 34/01, 4/02, 37/02 и 31/03), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на седницата одржана на 18.12.2003 година, Комисијата издава

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. На пазар на пари и краткорочни хартии од вредност АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност - петта емисија на 5.694 обич-

ни акции, во вредност од 29.112,85 евра односно во денарска противвредност од 1.777.945 денари, согласно Одлуката за издавање на долгорочни хартии од вредност - петта емисија на акции.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и начинот предвиден со Законот и Одлуката СО бр. 01-47-10/03 од 28.05.2003 година за издавање на долгорочни хартии од вредност - петта емисија на акции.

3. За сé што не е регулирано со Одлуката за издавање на долгорочни хартии од вредност - петта емисија на акции ќе се применуваат одредбите од Статутот на Пазар на пари и краткорочни хартии од вредност АД Скопје, Законот за хартии од вредност и Законот за трговски друштва.

4. Ова решение влегува во сила на денот на донесувањето.

5. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1222/6 Комисија за хартии од вредност
18 декември 2003 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска**, с.р.

_____

1887.

Врз основа на член 37 и 38 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00, 103/00, 34/01, 4/02, 37/02 и 31/03), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на седницата одржана на 18.12.2003 година, Комисијата издава

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. На Радобанк АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност - единаесетта емисија на 12.000 обични акции со вкупна вредност на емисијата од 120.000.000 денари.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката за XI емисија на долгорочни хартии од вредност бр. 4852-02 од 31.07.2003 година и Одлука бр. 7126-02 од 28.11.2003 година за измена на Одлуката за XI емисија на долгорочни хартии од вредност.

3. Ова решение влегува во сила на денот на донесувањето.

4. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1362/4 Комисија за хартии од вредност
18 декември 2003 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска**, с.р.

_____

1888.

Врз основа на член 37 и член 38 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00, 103/00, 34/01, 04/02, 37/02 и 31/03), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на седницата одржана на 18.12.2003 година, Комисијата издава

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Решението број 07-146/5 од 31.03.2003 година, за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност на Акционерското друштво за производство, преработка, трговија и монтажа на украсен камен ФХЛ Мермерен комбинат АД – Прилеп се изменува и дополнува и гласи:

1. На Акционерското друштво за производство, преработка, трговија и монтажа на украсен камен ФХЛ Мермерен Комбинат АД – Прилеп се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност – трета емисија на 468.700 обични акции, во вредност од 468.700 евра, во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на ден 18.12.2002 година.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката за нивно издавање бр. 02-3669/2 од 23.10.2003 година.

3. Се задолжува издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение да ги објави променетите услови на реализацијата на третата емисија на акции во најмалку еден дневен весник во рок од три дена од денот на приемот на ова решение.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

5. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-146/7 Комисија за хартии од вредност
19 декември 2003 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска**, с.р.

_____

1889.

Врз основа на член 37 и член 38 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00, 103/00, 34/01, 04/02, 37/02 и 31/03), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на седницата одржана на 18.12.2003 година, Комисијата издава

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. На Стопанска банка АД Битола се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност – десетта емисија на 20.000 обични акции со вкупна вредност на емисијата од 60.000.000 денари.

2.Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвидени со Законот и одлуките за нивно издавање бр. 02-1140/III-18 од 19.03.2003 година, бр. 02-4490/II-11 од 31.10.2003 година и бр. 03-4490 од 31.10.2003 година.

3. Секоја акција носи право на глас согласно закон. Секое ограничување на правото на глас на акциите произлегува исклучиво од законски пропис каде тоа е изречено регулирано.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

5. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1261/4 Комисија за хартии од вредност
18 декември 2003 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска**, с.р.

_____

1890.

Врз основа на член 37 и 38 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00, 103/00, 34/01, 4/02, 37/02 и 31/03), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на седницата одржана на 26.12.2003 година, Комисијата издава

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. На Охридска Банка АД Охрид се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност - седма емисија на 15.000 обични акции во вредност од 39.750.000 денари.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и начинот предвиден со Законот и Одлуката за нивно издавање С.О. бр. 02-1626/11 од 28.03.2003 година.

3. Издавачот е должен да го објави Јавниот повик за запишување и купување хартии од вредност - акции од седма емисија на македонски јазик и неговото кирилско писмо во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Македонија во рок од два дена од приемот на ова решение.

4. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен по истекот на рокот за користење на правото за првенствено купување на акциите да објави во најмалку еден дневен весник и да ја извести Комисијата за хартии од вредност за бројот на запишаните и уплатени акции од постојните акционери кои го искористиле правото за првенствено купување.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

6. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1321/5 Комисија за хартии од вредност
26 декември 2003 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска**, с.р.

_____

1891.

Врз основа на член 47 и член 50, а во врска со член 163 став 1 точка 4 и член 164а став 3 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00, 103/00, 34/01, 4/02, 37/02 и 31/03), и согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на седницата одржана на 26.12.2003 година, Комисијата донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се запира осмата емисија на акции на Тетовска Банка АД Тетово одобрена со Решение број 07-888/10 од 11.09.2003 година за давање на одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност - осма емисија 14.500 обични акции во вкупна вредност од 43.500.000 денари.

2. Се задолжува издавачот Тетовска Банка АД Тетово да ја запре натамошната продажба на хартиите од вредност - осма емисија на акции и без одлагање да ја извести јавноста.

3. Осмата емисија на акции на Тетовска Банка АД Тетово, одобрена со Решение број 07-888/10 од 11.09.2003 година се запира од денот на приемот на ова решение од страна на издавачот до конечноста на исходот од понудата за откуп на обичните акции издадени од Тетовска Банка АД Тетово, дадена од страна на Волнарскиот комбинат "Тодор Циповски Мерџан" - ТЕТЕКС акционерско друштво - Тетово.

4. Временскиот период во кој е запрена осмата емисија на акции не влегува во законскиот рок од шест месеци за реализација на емисијата.

5. Жалбата на ова решение не го одлага неговото извршување.

6. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-888/14 Комисија за хартии од вредност
26 декември 2003 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска**, с.р.

_____

1892.

Врз основа на член 104, став 2, член 106, член 108 став 4 и член 124 став 1 алинеја 4 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00, 103/00, 34/01, 4/02, 37/02 и 31/03), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на 26 декември 2003 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се издава одобрение за работа со долгорочни хартии од вредност на Дирекцијата за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги, формирана во рамки на Секторот за средства и ликвидност во Стопанска банка АД Скопје, со седиште на ул. "11 Октомври" бр. 7, Скопје.

2. Дирекцијата за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги на Стопанска банка АД Скопје, ќе ги врши следниве работи:

- примање и извршување на налози од инвеститорите што се однесуваат на купување и продажба на долгорочни хартии од вредност, во име и за сметка на клиентот;
- тргување со долгорочни хартии од вредност во свое име и за своја сметка;
- раководење со финансиски имот за сметка на клиенти (раководење со финансиски имот на клиентот);
- организирање, подготвување и откуп на новоиздадени долгорочни хартии од вредност и
- советување на клиентите при издавање и тргување со долгорочни хартии од вредност.

3. Со денот на влегувањето во сила на ова решение се укинува решението на Комисијата за хартии од вредност број 01-756/2-2000 од 22.01.2001 година.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1342/7 Комисија за хартии од вредност
26 декември 2003 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска**, с.р.

_____

1893.

Врз основа на член 110 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 63/00, 103/00, 34/01, 4/02, 37/02 и 31/03), Комисијата за хартии од вредност, на својата седница одржана на 26 декември 2003 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се дава согласност за именување на лицето Лилјана Христова Стојановиќ за извршен директор на Дирекцијата за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги во Секторот за средства и ликвидност на Стопанска банка АД Скопје, со седиште во Скопје на ул. "11 Октомври" бр. 7.

2. Решението за согласност за именување на лицето Лилјана Христова Стојановиќ за извршен директор на Дирекцијата за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги на Стопанска банка АД Скопје, престанува да важи со денот на разрешување од функцијата директор на Дирекцијата.

3. Со денот на влегувањето во сила на ова решение се укинува решението на Комисијата за хартии од вредност број 01-766/3-2000 од 22.01.2001 година.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1443/3 Комисија за хартии од вредност
26 декември 2003 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска**, с.р.

_____

С П О Г О Д Б И

39.

Врз основа на член 95 од Законот за работните односи, Сојузот на синдикатите на Македонија и Одборот на работодавачите при Стопанската комора на Македонија, на 30 декември 2003 година, склучија

С П О Г О Д Б А
ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ОПШТИОТ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА СТОПАНСТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Важноста на Општиот колективен договор за стопанството на Република Македонија, склучен на ден 01.06.1996 година, 07.10.1999 година, 10.06.2000 година, 01.06.2002 година и 11.06.2003 година, се продолжува за три месеци заклучно со 31.03.2004 година.

2. Спогодбата се регистрира кај органот на државната управа надлежен за работите на трудот и се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Одбор на работодавачите	
Сојуз на синдикатите	при Стопанската комора
на Македонија	на Македонија
Претседател,	Претседател,
Ванчо Муратовски, с.р.	**Димитар Стојановски,** с.р.

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД ВО ВЕЛЕС

Во парничниот предмет на овој суд П.бр. 54/03 заведен по тужба на тужителот Министерство за здравство – Фонд за здравствено осигурување подрачна служба Велес, за надомест на штета, против туженият Симеон Панов со непозната адреса на живеење и престојување во Германија. Вредност на спорот 34.217,00 денари. За привремен застапник на туженият Симеон Панов се одредува Валерија Николова – стручен соработник при овој суд согласно со член 78 став 1 и 2 точка 4 и 5 од ЗПП.

Привремениот застапник ги има сите права и должности на законски застапник по споменатиот предмет се додека туженият или негов полномошник не се појави пред судот односно додека органот за старателство не го извести судот дека поставил старател.

Од Основниот суд во Велес, П.бр. 54/03. (35434)

ОСНОВЕН СУД ВО КОЧАНИ

Пред Основниот суд во Кочани, поднесена е тужба од тужителот Благој Ситновски од Кочани, за утврдување право на сопственост, против туженият Филип Ристовски од с. Облешево – Кочани, сега со непозната адреса на престојување во Германија. Вредност на спорот 10.000,00 денари,.

Се повикува туженият Филип Ристовски од с. Облешево сега со непозната адреса на престојување во Германија, да се јави во Основниот суд во Кочани, или да постави свој полномошник кој ќе ги штити неговите права и интереси во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот, а доколку тоа не го стори ќе му биде поставен привремен застапник дипломиран правник со положен правосуден испит Сузана Спасова стручен соработник во Основниот суд во Кочани, кој ќе ги штити неговите права и интереси, до правосилното окончување на постапката.

Од Основниот суд во Кочани, П.бр. 880/03. (35432)

ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 1188/03, од 27.11.2003 година, во регистарска влошка бр. 03011920?-3-06-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДОО на Друштвото за транспорт, трговија и услуги БУМА-ТРАНС увоз-извоз ДОО Струмица, ул. „Јанко Цветинов" бр. 8/11.

Содружници се Мирче Манолев од Струмица, ул. „Јанко Цветинов" бр. 8/11 и Бучевски Љупчо од Струмица, ул. „Панче Пешев" бр. 60/7.

Дејности: 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.40, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.62, 50.10, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.53, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.64, 51.70, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 55.51, 52.52, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, реекспорт, услуги во меѓународниот транспорт на стоки и патници, меѓународна шпедиција, застапување на странски фирми.

Друштвото во правниот промет настапува во свое име и за своја сметка со неограничени овластувања, а за обврските сторени во тој промет одговара со сите свои средства.

За обврските на друштвото содружниците не одговараат.

Мирче манолев од Струмица - управител на друштвото и застапник во надворешнотрговскиот промет без ограничување.

Од Основниот суд во Штип, Трег. бр. 1188/03.

(34166)

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 1009/02, од 28.11.2003 година, во регистарска влошка бр. 03010575?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДООЕЛ на Друштвото за производство, услуги, транспорт, угостителство и трговија увоз-извоз ДИЕМ ДООЕЛ Штип, ул. „Крсте Мисирков" бр. 34.

Дејности: 01.11/1, 01.11/2, 01.11/3, 01.11/4, 01.12/1, 01.12/2, 01.13/1, 01.13/2, 01.21, 01.22/1, 01.23, 01.24, 01.25, 01.30, 01.41/3, 05.02, 14.11, 14.21, 15.11, 15.12, 15.13, 15.32, 15.33, 15.51, 15.52, 15.61, 15.81/1, 15.81/2, 15.84, 15.86, 15.87, 15.89, 15.91, 15.93, 15.98/2, 17.40/2, 17.54/1, 17.54/2, 18.10, 18.22, 18.23, 18.24, 19.30, 20.10/1, 20.10/2, 20.30, 20.40, 20.51, 20.52, 21.12, 21.21, 21.22, 21.23, 25.22, 25.24, 26.21, 26.25, 26.30, 26.40, 26.52, 26.61, 26.63, 26.64, 26.66, 28.11, 28.12, 28.51, 28.52, 28.73, 36.11, 36.12, 36.13, 36.14, 36.63, 45.11, 45.21/1, 45.21/2, 45.22, 45.31, 45.32, 45.33, 45.34, 45.41, 45.42, 45.43, 45.44, 45.45, 45.50, 50.10, 50.20, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 50.40/2, 50.40/4, 50.50, 51.11, 51.13, 51.15, 51.16, 51.17, 51.19, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.39, 51.41, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.51, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.62, 52.63, 52.72/1, 52.72/2, 52.73, 52.74, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 55.51, 60.21, 60.22, 60.24, 63.12, 65.12/3, 72.30, 72.60, 74.11, 74.20/63, 74.70, 74.84, 91.01, 93.02, 93.95, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, меѓународен транспорт на патници и стоки, меѓународна шпедиција, продажба на стоки на консигнациони складови, застапување и посредување во прометот со стоки и услуги, реекспорт.

Во правниот промет со трети лица друштвото настапува во свое име и за своја сметка со неограничени овластувања. Во правниот промет со трети лица за преземените обврски друштвото одговара со целиот свој имот и средства.

Основачите не одговараат.

За управител без ограничување се именува и се запишува Андонски Емил.

Управителот Андонски Емил е и застапник без ограничување во надворешнотрговското работење.

Основач на друштвото е Андонски Емил од Штип.

Од Основниот суд во Штип, Трег. бр. 1009/02.

(34167)

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 1187/03, од 27.11.2003 година, во регистарска влошка бр. 03011919?-3-06-000, го запиша во трговскиот регис-

тар основањето на ДОО на Друштвото за транспорт, трговија и услуги ЈАВА-ШПЕД увоз-извоз ДОО Струмица, ул. „Иљо Шопов“ бр. 31/1.

Содружници се Стојанов Ванчо од Струмица, ул. „Иљо Шопов“ бр. 31/1 и Патаров Јане од Струмица ул. „Народен борец“ бр. 6.

Дејности: 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.40, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.62, 50.10, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47,51.53, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.64, 51.70, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 55.51, 52.52, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, реекспорт, услуги во меѓународниот транспорт на стоки и патници, меѓународна шпедиција, застапување на странски фирми.

Друштвото во правниот промет настапува во свое име и за своја сметка со неограничени овластувања, а за обврските сторени во тој промет одговара со сите свои средства.

За обврските на друштвото содружниците не одговараат.

Стојанов Ванчо од Струмица - управител на друштвото и застапник во надворешнотрговскиот промет без ограничување.

Од Основниот суд во Штип, Трег. бр. 1187/03.

(34169)

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 787/03, од 12.11.2003 година, во регистарска влошка бр. 03011519?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ТД на Друштвото за производство и трговија со стакло и гравиран кристал КРИСТАЛ ДОО ул. „Индустриска“ бб, Пехчево.

